Dr. Radmila Milosheska is born 20.09.1987 in Skopje. Primary and High School graduated in Skopje, with continuously great success. She started the Faculty of Medicine on "Ss. Cyril and Methodius University" in Skopje on October 2016 and graduated in 2012 with average achievement of 9, 00. In December 2012 she got a license for work and in March 2013 she started the specialization of endocrinology, diabetes and metabolic diseases and she passes the in the period of December 2012 to December 2015 she volunteered at the Emergency Centre in GOB "8mi September", while being employed in GOB "8mi September" at the department of endocrinology. She is doing great with the ultrasound on thyroid gland, and she is also learning fine needle aspiration biopsy of change on thyroid gland. Participant on a lot of events in the field of diabetes and endocrinology, as well as author and co-author on scientific and professional works.

CASE REPORT: ПРИМАРЕН ХИПЕРПАРАТИРОИДИЗАМ КАКО РЕЗУЛТАТ НА МЕДИЈАСТИНАЛЕН ПАРАТИРОИДЕН АДЕНОМ

Примарен хиперпаратироидизам се карактеризира со покачено ниво на паратироиден хормон и ниво на калциум и најчесто се јавува како резултат на паратироиден аденом. Паратироидните аденоми обично се локализирани во вратна регија или поретко на ектопична локализација, а многу ретко во медијастинум. Медијастиналната локација на ектопично паратироидно ткиво се среќа околу 20% од сите случаи на ектопично локализирани паратироидни аденоми.

Case report: Ние презентираме случај на пациентка на 73годишна возраст кај која е детектирано покачени ниво на серумски калциум при рутински лабораториски иследувања. Нивото на калциум изнесувал 3.11mmol/L (референтни вредности [RR], 2.10-2.55mmol/L), алкалната фосфатаза 162U/L (референтни вредности [RR], 35-120U/L), серумско ниво на PTH 379pg/mL (референтни вредности [RR], 12.0-65.0pg/mL). КТ на граден кош покажа присуство на маса во преден медијастинум, а со скен се детектира функционално ткиво во медијастинум. Медијастинален паратироиден аденом беже успешно хируршки отстранет и нивото на калциум постепено се намали до нормализирање.

Заклучок: Секоја хиперкалцемија и покачено ниво на PTH без детекција на паратироиден аденом во вратна регија, преставува знак за клиничарите за можна ектопична локализација која би се утврдила со помош на дополнителни дијагностички процедури.

CASE REPORT: PRIMARY HYPERPARATHYROIDISM DUE TO MEDIASTINAL PARATHYROID ADENOMA

Background: Primary hyperparathyroidism is characterized by high parathyroid hormone level and calcium level which is most commonly due to a parathyroid adenoma. Parathyroid adenomas are usually located in the neck region or in ectopic location rarely found in mediastinum. The mediastinal location of ectopic parathyroid tissue is reported in up to 20% of cases of ectopic parathyroid adenomas.

Case report: We describe a case of 73-year-old woman who was incidentally detected with hypercalcemia during her routine examination. Her serum calcium lever was 3.11mmol/L (reference range [RR], 2.10-2.55mmol/L), alkaline phosphatase 162U/L (reference range [RR], 35-120U/L), serum parathyroid hormone (PTH) level was 379pg/mL (reference range [RR], 12.0-65.0pg/mL). CT of the chest showed an anterior mediastinal mass and nuclear scintigraphy detected a functioning parathyroid tissue in the mediastinum. The mediastinal parathyroid adenoma was surgically removed successfully and the PTH level started to decrease.

Conclusion: Any hypercalcemia and high level of PTH without parathyroid adenoma in the neck should alert physicians to search for ectopic locations through combination of imaging techniques.

ПОСТЕР СЕСИИ
POSTER SESSIONS



6-ТИ МАКЕДОНСКИ КОНГРЕС ПО ЕНДОКРИНОЛОГИЈА со меѓународно учество

MACEDONIAN CONGRESS of ENDOCRINOLOGY with international participation

7-МИ th ДИЈАБЕТОЛОШКИ ДЕНОВИ ВО МАКЕДОНИЈА со меѓународно учество

DIABETES DAYS IN MACEDONIA with international participation





Левикер®

ПРИРОДНО РЕШЕНИЕ ЗА ПОТКРЕПА НА ЦРНИОТ ДРОБ

Посветени на хепаталното здравје

bionika

www.bionikapharm.com

1. АГРАНУЛОЦИТОЗА АСОЦИРАНА СО ТИРЕОСТАТСКА ТЕРАПИЈА: ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ

Елена Павлевска, Татјана Миленковиќ, Саша Јовановска-Мишевска, Искра Битоска
ЈЗУ УК за Ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања, Скопје, Р Северна Македонија

Агранулоцитозата, која се карактеризира со број на гранулоцити <0.5×10^9/L, е ретка и животозагрозувачка компликација кај пациенти со хипертироидизам кои примаат тиреостатици, особено тиамазол. Се јавува во 0,1-0,2% од случаите и тоа во првите три месеци од започнување со администрација на лекот. Презентираме случај на 59 годишен маж кому му била дијагностицирана хипертиреоза со вредност на TSH 0.01 mIU/ml. Веднаш бил поставен на терапија со тиреостатик. Два месеци по започнување со терапијата, кај пациентот се јавиле симптоми на треска, болки во вратот, вртоглавица и гадење. Во локален медицински центар е направена лабораториска анализа каде е нотирана лекукопенија, и пациентот е препатен на хематолог, каде е поставена иницијална дијагноза на агранулоцитоза. Пациентот беше хоспитализиран на Клиника за ендокринологија – Скопје, каде веднаш беше прекината терапијата со тиреостатик и беше третиран со антибиотик од широк спектар, гранулоцитен фактор за раст, антикоагулантна, антифунгална, како и неговата редовна антихипертензивна терапија. Почетни лабораториски анализи на прв ден од хоспитализација: Leu 0.69×10^9/L, Gran 0.08×10^9/L (12.5%), TSH 0.42 mU/l, fT4 4.21 pmol/l. Бројот на леукоцити и гранулоцитната фракција се нормализираше на седмиот ден од болничкото лекување. Лабораториски анализи на ден на испис: Leu 12.9×10^9/L, Gran 9.6×10^9/L (74.4%), TSH 1.41 mU/l, fT4 7.5 pmol/l. По испишување од хоспиталниот престој, пациентот се третираше со радиоактивен јод, со што се постигна состојба на хипотиреоза и е поставен на терапија со левотироксин. Целта на овој приказ на случај е да се подигне свеста на клиничарите за внимателно и често следење на пациентите со хипертироидизам кои за првпат се поставуваат на терапија со тиреостатици.

ANTITHYROID DRUG–INDUCED AGRANULOCYTOSIS: CASE REPORT

Elena Pavlevska, Tatjana Milenkovic, Sasha Jovanovska-Mishevska, Iskra Bitoska
University Clinic of Endocrinology, Diabetes and Metabolic Disorders, Skopje, Repub. of North Macedonia

Agranulocytosis, characterized by a granulocyte count <0.5×109/L, is a rare and life-threatening complication in patients with hyperthyroidism receiving thyrostatic agents (antithyroid drugs – ATDs), especially thiamazole. It occurs in 0.1-0.2% of the cases and in the first three months of starting the administration of the drug. We present a case of a 59-year-old man who was diagnosed with hyperthyroidism with a TSH value of 0.01mIU/ml, and was immediately placed on thyrostatic therapy. Two months after starting therapy, the patient developed symptoms of fever, neck pain, dizziness and nausea. A laboratory analysis was performed at a local medical center and leukopenia was noted, thus the patient was referred to a hematologist, who made an initial diagnosis of agranulocytosis. The patient was admitted at the Clinic of Endocrinology, where the ATD was immediately ceased and he was treated with a broad-spectrum antibiotic, granulocyte growth factor, anticoagulant, antifungal, as well as his regular antihypertensive therapy. Initial laboratory analyses on the first day of hospitalization: Leu 0.69×10^9/L, Gran 0.08×10^9/L (12.5%), TSH 0.42 mU/l, fT4 4.21 pmol/l. The number of leukocytes and granulocyte fraction were normalized on the seventh day of hospital treatment. Laboratory analyses on the day of discharge: Leu 12.9×10^9/L, Gran 9.6×10^9/L (74.4%), TSH 1.41 mU/l, fT4 7.5 pmol/l. After hospital discharge, the patient was treated with radioactive iodine, achieving a state of hypothyroidism and was placed on levothyroxine therapy. The purpose of this case report is to raise clinician awareness for careful and frequent monitoring of patients with hyperthyroidism who are placed on thyrostatic therapy for the first time.

2. ВЛОШУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКИ И РАЗВОЈ НА НОВОДИЈАГНОСТИЦИРАН ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС ТИП 2 КАЈ ПАЦИЕНТИ СО САРС-КОВ-19 ИНФЕКЦИЈА

Татјана Б.Прошева[1], Милена С.Богатиноска[2], Искра Битовска[1], Саша Јовановска-Мишевска[1], Татјана Миленковиќ[1]
[1]Универзитетска Клиника за Ендокринологија, Дијабетес и болести на метаболизмот-Скопје; [2] ЈЗУЗдравствен Дом-Македонски Брод

Вовед: САРС коронавирус-2 (SARS-CoV-2) е предизвикувач на коронавирусна болест (COVID-19). Дија-

бетес Мелитус тип 2(Т2ДМ) е еден од најчестите коморбидитети кај пациентите со COVID-19, со преваленца помеѓу 7-30%. Пациентите со Т2ДМ инфицирани со САРС-КоВ-2 имаат повисока стапка на хоспитализација и поголема смртност во споредба со пациентите без дијабет. Не се познати точните механизми за појава на дијабетес кај пациентите со СОВИД-19. Претходно недијагностициран дијабетес, стрес хипергликемија, хипергликемија индуцирана од стероиди, ефектот на SARS-CoV-2 врз β-клетките може да бидат причина за развој на дијабет во тек на COVID 19. **Цел:** Да се прикаже влошувањето на гликорегулацијата и зголемување на бројот на новодијагностициран Т2ДМ кај пациенти со COVID 19. Материјал и методи: Ретроспективно беа анализирани 203 пациенти, хоспитализирани во Модуларна болница-Клиника за Инфективни заболувања-Скопје, во периодот од декември 2020-мај 2021 година. Преегзистирачки Т2ДМ беше дефиниран врз основа на анамнезата, медицинската евиденција и тековна антидијабетична терапија. Новодијагностициран Т2ДМ, дијагностициран со HbA1c>6,5%; fasting гликемија >7,0mmol/l или рандом гликемија >11,1mmol/l. Резултати: Од вкупно 203 пациенти, кај 65(32,0%) е потврден Т2ДМ. Новодијагностициран дијабетес бил откриен кај 18(28%), а 49(75%) пациенти биле со претходно дијагностициран дијабетес. Смртоносен исход имало кај 16 (25%) од сите пациенти со T2DM.
Заклучок: COVID-19 е поврзан со влошување на преегзистирачкиот и појава на новодијагностициран T2DM. Потребно е рано идентификување и третирање на дијабетот, со цел подобрување на исходот на болеста.

THE EFFECT OF SARS-COV-19 INFECTION ON THE DETERIORATION OF PREEXISTING AND DEVELOPMENT OF NEW-ONSET DIABETES MELLITUS TYPE 2

Tatjana B.Prosheva[1], Milena S.Bogatinoska[2], Iskra Bitoska[1], Sasha Jovanovska-Mishevska[1], Tatjana Milenkovikj[1]
[1]University Clinic for Endocrinology, Diabetes and Diseases of Metabolism-Skopje;
[2]Health Centre-Makedonski Brod

Introduction: SARS coronavirus-2 (SARS-CoV-2) is the causal agent of coronavirus disease(COVID-19). Type 2 Diabetes mellitus(T2DM) is one of the most frequent comorbidities in people with COVID-19 with a prevalence between 7-30%. Patients with DM2, infected with SARS-CoV-2 have a higher rate of hospital admission and higher mortality compared to non-diabetic subjects. The precise mechanisms for new-onset diabetes in patients with COVID-19 are not known. Previously undiagnosed diabetes, stress hyperglycemia, steroid-induced hyperglycemia and effects of SARS-CoV-2 on the β-cells could be involved.Objective: To present the deterioration of glycoregulation and the increase in development of new-onset T2DM in patients with COVID 19. Material and methods: 203 patients, hospitalized in the Modular Hospital-Clinic for Infectious Diseases in Skopje, from December 2020 to May 2021were retrospectively analyzed.Pre-existing diabetes was defined based on history, medical records or ongoing antidiabetic therapy.Newly diagnosed diabeteswas defined by a HbA1c value >6.5%; fasting glycaemia >7,0mmol/l or random measured glycaemia >11,1mmol/l. **Results:** Diabetes was determined in 65(32.0%) from total 203 patients. Newly diagnosed diabetes was discovered in 18(28%), and 49 (75%) were with previously diagnosed diabetes. Lethal outcome had 16(25%) of all patients with T2DM. **Conclusion:** COVID-19 is associated with deterioration of preexisting and new-onset T2DM; Early identification and treatment of diabetes is necessary to improve the long-term outcome of the disease. **Keywords:** SARS-CoV-2, Covid-19, Diabetes Mellitus

3. ГИГАНТСКИ ПРОЛАКТИНОМ - ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ

И. Младеновска Стојкоска, А.Муча, Б.Тодорова, И.Ахмети
Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и болести на метаболизмот Скопје, Р. Македонија

Вовед: Гигантските пролактиноми се ретки тумори на хипофизата со застапеност од 1-5 % од сите пролактиноми, со димензии поголеми од 4 см и хиперпролатинемија (>1000 ng/ml). Клинички се презентираат со симптоми на хиперпролактинемија и невро-офталмолошки симптоми како резултат на компресивниот и инвазивниот ефект на туморот. **Приказ на случај**: Пациент на 44 годишна возраст се јавил на преглед поради намалено либидо и ерекција последните 12 месеци. Од пред 6 месеци пациентот има интензивни главоболки, намалување на видот и двојни слики.Од направените хормонални анализи: висок PRL-1050 ng/ml,TSH-3,63 mU/l, fT4-11,0 pmol/l, cortisol-357 nmol/l, ACTH-20 pg/ml, FSH-2,12 mU/ml, LH-1,78 mU/ml, низок тестостерон- 3,63 nmol/l. МР на хипофиза: параселарна и супраселарна маса со димензи 65x56мм, врши

компресија на оптичката хијазма и хипоталамус со проминирање во свеноидалниот синус и инвазија на кавернозните синуси. Офталмолошки преглед: периметрија со почетни фокални испади. Преглед на очно дно: PNO, ML и крвни садови уредни. Направена консултација со невролог и започнат медикаментозен третман со каберголин 2 мг неделно. По 12 месеци од терапија MP на хипофиза со наод за макроаденом 16x9мм, 22 ng/ml, тестостерон-3,1 nmol/l. Кај пациентот се продолжи со досегашниот медикаментозен третман и се започна со терапија со тестостерон. **Дискусија:** Терапијата со допамин агонисти како прва линија на третман кај гигантските пролактиноми доведува подобрување на видот, нормализирање на нивото на пролактин и значителна редукција на големината на туморската маса, во нашиот случај 74%. Кај некои од пациентите има потреба и од тестостерон заместителна терапија поради оштетување на гонадотропните клетки од долготрајниот мас ефект на туморот. **Заклучок**: Кај повеќето од пациентите потребен е континуриран третман со допамин агонисти со цел да одржи супресија на пролактинот и да се спречи рецидив на туморот. Резистентните пролактиноми може да се третираат со хирургија, радиотерапија, темозоломид.

GIANT PROLACTINOMA-CASE REPORT

I. Mladenovska Stojkoska,A.Muca, B. Todorovska, I.Ahmeti
University Clinic of endocrinology, diabetes and metabolic disorders, Skopje, Macedonia

Introduction: Giant prolactinomas are rare tumors of pituitary gland with incidence in all prolactinomas of 1-5 %, with dimensions grater then 4 sm and hyperprolactinemia (1000 ng/ml). They present with symptoms of hyperprolactinemia and neuro-ophthalmological symptoms as a result of the compressive and invasive effect of the tumor. Case report: A 44-year-old male patient presented in our hospital to report decreased libido and erection for the last 12 months. Since 6 months ago, the patient has had intense headaches, decreased and double vision. From hormonal analyzes: PRL-1050 ng/ml,TSH-3,63 mU/l, fT4-11,0 pmol/l, cortisol-357 nmol/l, ACTH-20 pg/ml, FSH-2,12 mU/ml, LH-1,78 mU/ml, testosteron- 3,63 nmol/l. MRI of the pituitary gland: parasellar and suprasellar mass with dimensions of 65x56mm, compression of the optic chiasma and hypothalamus with protrusion into the sphenoid sinus and invasion of the bilateral cavernous sinuses. Ophthalmological examination: perimetry with initial focal outbursts. **Fundus examination:** PNO, ML and blood vessels -normal finding. We made a consultation with a neurologist and cabergoline 2 mg per week was started. After 12 months of therapy we made MRI of the pituitary gland and we found macroadenoma 16x9mm, prolactin 22 ng/ml, testosterone-3.1 We continue with the medical treatment and testosterone therapy was started. Discussion: Dopamine agonist therapy as the first line of treatment in giant prolactinomas leads to improvement of vision, normalization of prolactin levels and a significant reduction in the size of the tumor mass, in our case 74%. Some of the patients also need testosterone replacement therapy due to damage to the gonadotropic cells from the long-term mass effect of the tumor.
Conculusion: In almost all patients is required continuous dopamin agonist treatment to maintain prolactin supresion and prevent recidiv. Resistant prolactinomas can be treated with surgery, radiotherapy, temozolomide.

4. ГЕСТАЦИСКИ ДИЈАБЕТ КАКО ПРИЧИНА ЗА КОМПЛИКАЦИИ ВО БРЕМЕНОСТА-ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ

М.Бајдевска-Спирковска[1],С.Докузова[2],И.Исуфи[1]
Општа болница Куманово[1],Клиничка болница Штип[2]

Вовед: Гестацискиот дијабет се дефинира како нарушување на толеранцијата на глукоза кое се јавува за прв пат во бременоста.Афектира 9-25% од бременостите глобално,и претставува еден од најголемите предизвици во обезбедување на најсоодветно мајчино и неонатално здравје.Бројни се здравствените ризици кои ги носи гестацискиот дијабет, како во следните бремености на мајката, така и во понатамошниот живот на мајката и плодот. **Цел:** Сакам да обрнам внимание на важноста од редовно следење на пациентките со гестациски дијабет,преку приказ на случај на лош исход на бременост со гестациски дијабет. **Приказ на случај:** Пациентка,31годишна,трета бременост,планирана и редовно контролирана,дијагностициран гестациски дијабет во 28 г.н.Поставена на хигиено-диететски режим,договорени редовни неделни контроли со домашни профили,воедно направен гликозилиран хемоглобин кој е 5,2%,со што е исклучен дијабет тип 2. Пациентката редовно доаѓаше на контроли и носеше уредни гликемиски профили.Во анамнезата на пациентката има две претходни уредни бремености (2009 и 2012 год), со спонтани породувања, и плодови со надпросечна родилна тежина 4500 и 5500 гр, но тогаш нема правено скрининг за гестациски дијабет,што

укажува на голема веројатност за гестациски дијабет и во првите две бремености.Кај пациентката во 31 г.н е дијагностицирана тешка малформација на фетусот со хидроцефалус и инкомпатибилна со живот, поради што е индициран прекин на бременоста. На првиот скрининг во 21 г.н не се најдени малформации на плодот. **Заклучок:** гестацискиот дијабет носи висок ризик за плодот и за мајката.Важно е подигање на свеста кај идните трудници,за здрав животен стил, планирање на бременостите и редовни контроли.

GESTATIONAL DIABETES AS A CAUSE OF PREGNANCY COMPLICATIONS-CASE REPORT

M. Bajdevska-Spirkovska[1], S.Dokuzova[2],I.Isufi[1]
General Hospital Kumanovo[1], Clinical Hospital Stip[2]

Introduction: Gestational diabetes is defined as a glucose intolerance that occurs for the first time in pregnancy. Affects 9–25% of pregnancies globally, and is one of the biggest challenges in providing the most appropriate maternal and neonatal health. There are numerous health risks in the following pregnancies of the mother and in further life of the mother and the fetus. **Aim:** The main purpose of this case report is to increase the awareness of gestational diabetes, presenting poor pregnancy outcome in patient with gestational diabetes.
Case report: 31 years old , female, third pregnancy, planned and regularly controlled, Diagnosed gestational diabetes in 28 gestational week. Started on hygiene-dietary regimen, agreed weekly controls with home profiles, we also performed glycosylated hemoglobin which was 5.2%,and type 2 diabetes was excluded. In the patient's history there are two previous pregnancies (2009 and 2012), with spontaneous births, and macrosomic newborns, 4500 and 5500 gr, but no screening for gestational diabetes was made, indicating a high probability of gestational diabetes in the first two pregnancies. In 31 gestational week was diagnosed severe malformation of the fetus with hydrocephalus and incompatible with life, which indicated pregnancy termination. No malformations of the fetus were found on the first screening in 21 gestational week. **Conclusion:** Gestational diabetes carries a high risk for the fetus and the mother. It is important to raise awareness in future pregnant women, to have a healthy lifestyle, to plan pregnancies and to have regular controls.

5. ДЕФИЦИТ НА ВИТАМИН Д КАЈ КАНЦЕЛАРИСКИ РАБОТНИЦИ И ВЛИЈАНИЕ НА ЗДРВСТВЕНАТА СОСТОЈБА

Даневска-Глигоровска А[1]., Панајотовиќ-Радевска М[2], Панова Ј[3], Ивановска Бојаџиев Б[4].
[1]Клиничка болница "Аџибадем Систина"-Скопје
[2]ЈЗУ Институт за медицина на трудот-Скопје
[3]ПЗУ "Др Панови "-Виница
[4]ПЗУ "Др Биљана Ивановска-Бојаџиев" -Скопје

Вовед: Растечкиот тренд на недостаток на витамин Д е светски феномен. Најчесто настанува поради престој во затворен простор подолг период од денот, внес на храна сиромашна со важни нутритиенти и се почеста употреба на санблокери. Цел: Цел на трудот е да се одреди нивото на серумски витамин Д кај канцелариски работници во корелација со возраста, БМИ, времетраење на експозиција на сонце, инциденца на остеопороза, покачен крвен притисок и покачено ниво на холестерол во крв. Материјал и методи: Ова е студија на пресек. Испитуваната група се состои од 155 жени канцелариски работници. На сите пациентки земена е анамнеза, измерен крвниот притисок, измерено ниво на вит.Д во серум, ниво на холестерол во серум и направена е ултразвучна дензитометрија. Резултати: Кај 84 (54,2%) канцелариски работнички се утврди нормално ниво на вит.Д >20ng/ml, а кај 71 (45,8%) канцелариска работничка пониско ниво на вит.Д <20ng/ml. Сигнификантна разлика ($p<0.05$) се утврди во анализата на резултатите за корелација на дефицит на вит.Д со времетраењето на експозиција на сонце со (OR=2.2 95% CI 1.281-3.806) со RR=1.6, појава на остеопороза (OR=2.15 95% CI 1.103-4,218) со RR=1.8 и покачен крвен притисок (OR=2.5 95% CI 1.337-4,614) со RR=1.9. Заклучок: Работата во затворен простор и намалената експозиција на сонце се причина да околу половина од канцелариските работнички во ова истражување се со дефицит на вит.Д. Дефицитот на вит.Д покрај корелација со појавата на остеопороза во оваа студија е и во корелација со покачен крвен притисок што оди во прилог на повеќе студии за корелација на хиповитаминоза Д и кардиоваскуларни заболувања,

DEFICIENCY OF VITAMIN D AMONG OFFICE WORKERS AND IMPACT ON THEIR HEALTH CONDITION

Danevska-Gligorovska A[1], Panajotovikj Radevska M[2], Panova J[3], Ivanovska-Bojadziev B[4]
[1]Hospital "Acibadem Sistina"
[2]PHI Institute of occupational health – Skopje
[3]PZU "Dr Panovi"- Vinica
[4]PZU "Dr Biljana Ivanovska-Bojadziev"-Skopje

Introduction: The growing trend of vitamin D deficiency is a worldwide phenomenon. Deficiency of vitamin D is thought to commonly occur due to stay indoors for a longer period of the day, food intake in low of important nutrients and more frequent use of sun protection products. Aim: Aim of this study is to determine level of serum vitamin D among office workers in correlation with age, BMI (body mass index), feeling fatigue, exposure to sunlight, the incidence of osteoporosis, high blood pressure and elevated levels of cholesterol in the blood. Material and Methods: This cross-sectional study. The study group consisted of 155 female office workers. Analyzed data were from health history. To all patients' blood pressure, level of vitamin D in serum and cholesterol level in serum were measured. Also, ultrasound densitometry was performed. Results: In 84 (54.2 %) office workers were determined normal levels of vitamin D > 20ng / ml, in 71 (45.8 %) office workers were determined lower level of vitamin D <20ng / ml. Significant difference (p <0.05) was determined in the analysis of the results in correlation of vitamin D deficiency on the duration of exposure to the sun (OR = 2.2 95 % CI 1.281-3.806) with RR = 1.6, the occurrence of osteoporosis (OR = 2.15 95 % CI 1.103-4,218) with RR = 1.8 and hypertension (OR = 2.5 95 % CI 1.337-4,614) with RR = 1.9. Conclusion: The indoor work and reduced exposure to the sun cause around half of office workers from this study to be deficient in vitamin D. Deficit of vitamin D despite correlation with osteoporosis in this study is correlated with high blood pressure that comes in addition to more studies on the correlation of hypovitaminosis D and cardiovascular disease.

6. ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС ТИП 2 И МЕТАБОЛЕН СИНДРОМ КАКО РИЗИК ФАКТОРИ ЗА РАЗВОЈ НА НЕАЛКОХОЛНО ЗАМАСТУВАЊЕ НА ХЕПАРОТ (NAFLD)

Лидија Малиновска, Биљана Петровска Зовиќ, Лидија Алабаковска

Вовед: Дијабетес мелитус тип 2 (ДМ2) е една од водечките хронични болести во светот, застапен во 90% од сите случаи на дијабет. Со оглед на тоа дека се работи за долготрајно заболување, пропратен е со бројни хронични компликации. Лошо контролираниот дијабет доведува до промена на крвните садови (микро и макроваскуларни компликации, дислипидемија, замастен црн дроб, стеатоза (NAFLD) и стеатохепатитис, цироза. ЦЕЛ: Да се потенцира поврзаноста на ДМ2, метаболниот синдром и високиот БМИ со ризикот од појава на замастен црн дроб. NAFLD не треба да се набљудува како изолирана болест. Се претпоставува дека до 2030. година ќе биде најчеста причина за трансплантација на црн дроб. МАТЕРИЈАЛ: Презентирани се резултати од иследувања кај 90 пациенти со ДМ2 од нашата амбуланта - Центарот за дијабет и Кабинетот за УЗ на абдомен, лаб. иследувања. **МЕТОДИ:** УЗ наоди, резултати од лабораториски испитувања, БМИ. **РЕЗУЛТАТИ:** Нашите наоди ги потврдуваат резултатите кои се презентирани во студиите и публикациите за NAFLD. **ЗАКЛУЧОК:** Лошо контролираниот дијабет, високиот БМИ, хиперлипемијата се докажани ризик фактори за развој на хепатална стеатоза. NAFLD е најчесто заболување на црниот дроб, го зголемува ризикот за појава на ХЦЦ, стеатохепатитис и терминална црнодробна слабост. Компликациите од болеста се развиваат постепено и затоа пациентот не ги чувствува веднаш. Лекувањето бара многу одговорен пристап како од страна на пациентот така и од лекарот. Потребно е целосно придржување на препораките поврзани со стилот на живот, редовни контроли и одговорност во однос на земањето на терапијата.

TYPE 2 DIABETES MELLITUS AND METABOLIC SYNDROME AS RISK FACTORS FOR DEVELOPMENT OF NON-ALCHOHOLIC FATTY LIVER DISEASE (NAFLD)

Lidija Malinovska, Biljana Petrovska Zović, Lidija Alabakovska

Introduction: DM2 is world's leading chronic diseases, with over 90% of all DM cases. Considering it is life-long disease, it is also accompanied by a number of other chronical health complications. Mismanaged DM leads to a significant deterioration of the blood vessels, micro- and macrovascular complications, dislipidemy, fatty change

of the liver, steatosis (NAFLD) and teatohepatitis, cirrhosis. AIM: To stress the connection of DM2, metabolic syndrome and high BMI with the risk of liver fatty changes. NAFLD must not be observed as stand alone disease. By the 2030 NAFLD would be the main cause for liver transplants. MATERIALS: We present investigation results for 90 ambulatory patients with DM2 treated at The DM Center and Abdominal US Cabinet, including Laboratory investigations. METHODS: Abdominal US results, laboratory investigations, BMI. RESULTS: Our results are in compliance with the results presented in numerous NAFLD studies and publications. CONCLUSION: Mismanaged DM, high BMI, hyperglycemia are proven risk factors for development of hepatic steatosis. NAFLD is the most common liver disease, it increases the risk of HCC development, steatohepatitis and terminal liver. The patients are not aware immediately of the health complications due to their slow development. The medical treatment requires serious and responsible approach by the patient and the doctor altogether. The complete adherence to the recommendations about the patient's lifestyle is necessary, as well as regular health checks and ultimate responsibility in implementing prescribed therapy.

7. ДИЈАБЕТЕС КАКО ПРИЧИНА ЗА ХРОНИЧНА БУБРЕЖНА БОЛЕСТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ЈЗУ ЦЈЗ – БИТОЛА ВО ПЕРИОДОТ 2017-2021 ГОДИНА

Тодоровски Ј.[1]; Врчковска М.[1]; Тодоровска Л.[2]; Торковска М.[2]; Илковска Б.[2]; Атанасовска Трипуноска М.[3]
ЈЗУ Центар за јавно здравје – Битола[1]; ЈЗУ Клиничка болница "Д-р Трифун Пановски"- Битола[2]; ЈЗУ Здравствен Дом Скопје Служба за итна медицинска помош и домашно лекување [3];

Цел на трудот: Да се прикаже бројот на заболени со хронична бубрежна болест (ХББ) на територијата на ЈЗУ ЦЈЗ - Битола од 2017 до 2021 година со акцент на дијабетесот како причина. **Материјал и методи**: Користени се податоци од "Мој термин", пријави кои се доставуваат во ЈЗУ ЦЈЗ – Битола. Користен е метод на дескриптивна анализа. **Резултати**: Бројот на пријавени лица со ХББ (2017-2021) изнесува 590; 331 мажи (56%) и жени 259 (44%). Најмногу биле пријавени во 2019 (264), во 2020 (148) и 2021 (110). Како причина за појава на ХББ кај 31% - 182 лица бил дијабетесот, кај 26% - 152 лица хипертензивните болести. Кај останатите 256 заболени (43%) пријавена е друга причина: системски болести, конгенитални и примарни бубрежни заболувања. Со терминална бубрежна болест (ТББ) биле 189 лица од кои 177 на хемодијализа, 8 на перитонеална дијализа и 4 со транплантиран бубрег. Кај болните со ТББ на дијализа, дијабетесот бил причина кај 28% - 52 болни, хипертензивните болести кај 23% - 44 болни и останати болести 49% - 93 болни. **Заклучок**: Регулирањето на дијабетесот и лекување на хипертензивните болести се основа за намалување на ТББ.

DIABETES AS A CAUSE OF CHRONIC KIDNEY DISEASE IN THE TERRITORY OF PHI CJZ – BITOLA IN THE PERI OD 2017-2021

Todorovski J.[1]; Vrckovska M.[1]; Todorovska L.[2]; Torkovska M.[2]; Ilkovska B.[2]; Atanasovska Tripunoska M.[3]
PHI Center for Public Health – Bitola [1]; PHI Clinical Hospital "Dr. Trifun Panovski" - Bitola [2]; PHI Zdravstven Dom Skopje Service for emergency medical assistance and home treatment [3];

Aim: To present the number of patients with chronic kidney disease (CKD) in the territory of PHI CJZ - Bitola from 2017 to 2021 with an emphasis on diabetes as the cause. **Material and methods:** Data from "Moj termin" were used, reports submitted to PHI CJZ - Bitola. A descriptive analysis method was used. **Results:** The number of registered persons with CKD (2017-2021) is 590; 331 men (56%) and 259 women (44%). Most were reported in 2019 (264), in 2020 (148) and 2021 (110). Diabetes was the cause of CKD in 31% - 182 people, hypertensive diseases in 26% - 152 people. In the remaining 256 patients (43%), another cause was reported: systemic diseases, congenital and primary kidney diseases. There were 189 people with end-stage renal disease (ESRD), of which 177 were on hemodialysis, 8 were on peritoneal dialysis and 4 had a transplanted kidney. Among patients with ESRD on dialysis, diabetes was the cause in 28% - 52 patients, hypertensive diseases in 23% - 44 patients and other diseases in 49% - 93 patients. **Conclusion:** Regulation of diabetes and treatment of hypertensive diseases are the basis for reducing ESRD.

8. ДИЈАБЕТЕС, ХИПЕРТРИГЛИЦЕРИДЕМИЈА, ОБЕЗИТАС, ХИПЕРТЕНЗИЈА

Тања Илијоска[1]
[1]ЈЗУ Општа Болница Кичево

Вовед: Дијабетесот, хипертензијата, хиперлипидемијата, дебелината го зголемуваат ризикот од кардиоваскуларни, бубрежни и мозочни заболувања. **Приказ на случај:** Пациентка на возраст од 38 години, ТТ 95 кг, ТВ 165 см, со БМИ: 33,66. Прв пат во нашата амбуланта. Од анализите: ТА=170/100 ммхг; ЕКГ б.о; Гликемија 13,6; Хгба1ц 10,99%; Холестерол 5,94; Триглицериди 13,20; ХДЛ 1,07; ЛДЛ 3,0; Хиперлипиден серум; останати анализи б.о. Терапија: Дадени се инфузии со кристален инсулин 7 дена. Препишана е следната терапија за дома: Tabl. Vildagliptin a 50 mg s.2x1, Tabl.Metformin a 1000 mg s.2x1, Tabl. Perindopril, indapamid 4/1,25 s.1x1, Tabl.Atorvastatin a 20 mg s.1x1, Tabl.Fenofibrat 145 mg s.1x1, Tabl.Acetilsalycilic acid, дијабетична диета од 1600 кал, диета за хипертриглицеридемија. Совет. Лабораторија за 7 дена: Холестерол 3,7; Триглицериди 6,6; ХДЛ 1,0; ЛДЛ 2,0; Гликемија 7,5 останатиот наод б.о. Лабораторија за 6 недели: Холестерол 3,6; Триглицериди 2,4; ХДЛ 1,0; ЛДЛ 1,5; Гликемија 6,0;Хгба1ц 8,9%; останатиот наод б.о. **Заклучок:** Се работи за пациентка со метаболен синдром, поставена на соодветна терапија , даден совет за исхрана, пешачење.

DIABETES MELLITUS, HYPERTENSION, HYPERTRIGLYCIDAEMIA, OBESITY

D-r. Tanja Ilijoska[1]
[1]General hospital Kichevo

Introduction: Diabetes mellitus, hypertension, hyperlipidemia, obesity increase the risk of cardiovasular, renal and cerebrovascular diseases. **Case report:** Patient at the age of 38, BW95 kg, BH165 cm, with BMI: 33.66. First time in our hospital. Results: TA = 170/100 mmHg; ECG b.o.; Glycaemia 13.6; Hgba1c 10.99%; Cholesterol 5.94; Triglycerides 13.20; HDL 1.07; LDL 3.0; Hyperlipidemic serum, other analyzes b.o. Therapy: Crystall insulin infusions are given for 7 days, the following home therapy is prescribed: Tabl. Vildagliptin a 50 mg s.2x1; Tabl.Metformin a 1000 mg s.2x1; Tabl.Perindopril; Indapamid 4/1.25 s.1x1; Tabl.Atorvastatin a 20 mg s.1x1; Tabl.Fenofibrat 145 mg s.1x1; Tabl.Acetylsalicylic acid; 1600 Cal. diabetic diet; hypertriglyceridemia diet; Advice. Laboratory for 7 days: Cholesterol 3.7; Triglycerides 6.6; HDL 1.0; LDL 2.0; Glycemia 7.5; remaining finding b.o. Laboratory for 6 weeks: Cholesterol 3.6; Triglycerides 2.4; HDL 1.0; LDL 1.5; Glycaemia 6.0; Hgba1c 8.9%; the remaining finding b.o.
Conclusion: This is a patient with metabolic syndrome, with appropriate therapy, given dietary advice, walking.

9. ДИЈАБЕТИЧНА ПЕРИФЕРНА НЕВРОПАТИЈА КАЈ АМБУЛАНТСКИ ПАЦИЕНТИ СО ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС ТИП 2

Драган Јанев[1], Валентина Велкоска Накова[1,2]
[1]Факултет за медицински науки, Универзитет Гоце Делчев, Штип, Р.С.Македонија
[2]Клиничка Болница, Штип, Р.С.Македонија.

Вовед. Дијабетичната невропатија е една од најчестите хронични компликации на дијабетот со преваленца од околу 50%. **Цел:** Да се процени преваленцијата и ризик фактори за развој на дијабетична невропатија (ДН) кај амбулантски пациенти со дијабетес мелитус тип 2 (T2DM) во нашиот центар за дијабетес. Материјали и Методи. Студијата вклучи 58 последователни пациенти со T2DM. Анамнестички податоци, антропометриски мерења, лабораториски параметри од крв, 10г монофиламентен тест и тест за процена на температура (топло/ладно) беа направени кај сите пациенти. **Резултати:** Средната вредност на анализираните пациентите беше 61.8±9.8 години со индекс на телесна маса (BMI) 28.9±4.9кг/m2. Средното времетраење на T2DM беше 61 месец, додека 79.3% од пациентите примаа инсулинска терапија. Дваесет и двајца пациенти, односно 37.9% се пушачи на цигари. Средните вредности за метаболните параметри беа: HbA1c 8.6±2.5%, гликемија на гладно 9.6±4.0, вкупен холестерол 4.67±1.4 и триглицериди 1.5±0.9ммол/Л. Дијабетичната невропатија беше присутна кај 20 пациенти, односно 34.5%. Возраста, времетраењето на дијабетот, HbA1c, вкупниот холестерол и BMI статистички значајно позитивно корелираа со позитивниот наод од монофиламентен тест. Мултиваријантната анализи покажаа статистички значаен независен ефект на пушењето цигари, гликемијата на гладно, BMI и возраста на пациетите врз појавата на ДН ($p<0.05$). **Заклучок:** Споредено со податоците од литературата, најдовме помала преваленција на ДН (37.9%), но ризик факторите

за развој на истата се идентични, како: возраст, времетраење на дијабетес, BMI, гликемиска контрола и пушење.

DIABETIC PERIPHERAL NEUROPATHY IN AMBULATORY PATIENTS WITH TYPE 2 DIABETES MELLITUS

Dragan Janev[1], Valentina Velkoska Nakova[1,2]
[1]Faculty of Medical Science, University Goce Delchev, Stip, R.N.Macedonia
[2]Clinical Hospital, Stip, R.N.Macedonia

Backgrounds. Diabetic neuropathy (DN) is one of the most prevalent chronic diabetic complications with a prevalence of around 50%. **Aim:** To estimate the prevalence and associated risk factors for DN in ambulatory patients with type 2 diabetes mellitus (T2DM) in our diabetic centre. **Material and methods.** This cross-sectional study included 58 consecutive patients with T2DM. Anamnestic information, anthropometric measurement, blood tests, 10-g monofilament test, and thermal sensation were performed in all patients. **Results.** The mean age and body mass index (BMI) of the patients were: 61,8±9,8 years and 28,9±4,9kg/m^2, respectively. The median duration of T2DM was 61 months, and 79,3% were receiving insulin treatment. Twenty-two (37,9%) patients smoke cigarettes. Mean values for metabolic parameters were: HbA1c 8,6±2,5%, fasting glucose 9,6±4,0, total cholesterol 4,67±1,4, and triglycerides 1,5±0,9mmol/L. DN was found in 20 (34,5%) patients. Age, duration of diabetes, HbA1c, total cholesterol, and BMI statistically significantly positively correlated with positive monofilament test. Multivariate analyses showed a statistically significant independent effect of smoking, fasting glucose, BMI, and age on the DN (p<0,05). **Conclusion.** We found lower rates of prevalence of DN (37,9%) compared with the literature with the same associated risk factors as age, duration of diabetes, BMI, glycaemic control and smoking.

10. ЕМПАГЛИФЛОЗИН КАЈ ПАЦИЕНТ СО ДИЈАБЕТ ТИП 2 И СРЦЕВА СЛАБОСТ (ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ)

М.Бајдевска Спирковска[1], И.Исуфи[1] ,С. Докузова[2]
Општа болница Куманово[1], Клиничка болница Штип[2]

Вовед: Бројни клинички студии укажуваат на зголемена преваленца на срцева слабост кај пациенти со дијабетес,додека прогнозата на пациентите со срцева слабост и дијабетес е полоша во споредба со оние кои немаат дијабет како коморбидитет.Современата терапија на дијабетесот подразбира употреба на лекови со кардиоваскуларен бенефит, посебно кај пациентитете со етаблирано кардиоваскуларно заболување.
Цел: Да се евалуира ефектот на емпаглифлозин на гликорегулацијата и кардиоваскуларниот бенефит кај пациент со дијабет и етаблирана срцева слабост. **Случај**: Пациент на 50 години,со дијабетес тип 2 од 2019 година,со докажана срцева слабост од 2020 година(HFrEF,38%), и хипертензија од 2014год,на терапија со метформин и редовна кардиолошка терапија(АР-блокер,статин,АСА,диуретик,бетаблокер и минералокортикоиден блокатор),по прележана Ковид 19 инфекција во ноември 2021, забележано е влошување на гликорегулацијата.Со оглед на присутната срцева слабост,воведена е терапија со емпаглифлозин 25 дневно.Во период од 6 месеци,следена е гликорегулацијата и направена е кардиолошка контрола со ехокардиографија. Евидентирано е подобрување на гликорегулацијата, гликозилираниот хемоглобин е намален од 7.9% на 6,1%, гликемијата на гладно од 16ммол/л на 6.9ммол/л. На контролната ехокардиографија се забележува зголемување на ежекционата фракција од 38% на 41%, и најважно пациентот дава податок за намалување на чувството на замор и полесно качување по скали.Во периодот на следење не е хоспитализиран ниту има корекции во кардиолошката терапија. **Заклучок:**Воведување на СГЛТ 2 инхибитор кај пациент со срцева слабост, покрај подобрување на гликорегулацијата, е придружено и со намалување на хоспитализациите поради срцева слабост и намалени трошоци за лекување.

EMPAGLIOFLOZIN IN A PATIENT WITH TYPE 2 DIABETES AND HEART FAILURE (CASE REPORT)

M.Bajdevska Spirkovska[1],I.Isufi [1],S.Dokuzova[2]
General Hospital Kumanovo[1],Clinical Hospital Stip[2]

Introduction: Numerous clinical studies have indicated increased prevalence of heart failure in patients with diabetes, and prognosis of patients with heart failure and diabetes is worse compared to those who don ‘t have diabetes as comorbidity.Modern diabetes therapy implies the use of drugs with cardiovascular benefit, espe-

cially in patients with established cardiovascular disease. **Aim:** To evaluate the effect of empagliflozin on glycoregulation and cardiovascular benefit in a diabetic patient with established heart failure. **Case report:** 50 years old,male,-type 2 diabetes from 2019,proven heart failure from 2020 (HFrEF,38%), and hypertension from 2014,on metformin and regular cardiology therapy(ARB blocker,statin,ASA, diuretic, betablocker and mineralocorticoid blocker) after Covid 19 infection in November 2021, impaired glycoregulation was observed. Empagliflozin 25mg was added, considering concomitant heart failure. For 6 months, glycoregulation was monitored and cardiology control with echocardiography was performed. A significant improvement in glycoregulation was observed, glycosylated hemoglobin decreased from 7.9% to 6.1%, Fasting glycaemia from 16mmol/l to 6.9mmol/l. Control echocardiography showed an increase in the ejection fraction from 38% to 41%, and most importantly the patient reports feeling less fatigue and easier climbing on scales. During the follow-up period, he was not hospitalized or had any adjustments in cardiology therapy. **Conclusion:** SGLT 2 inhibitor in a patient with heart failure, despite improved glycoregulation, is also accompanied by a decrease in hospitalizations due to heart failure, reduced treatment costs and better cardiovascular health in our patients.

11. ЕУГЛИКЕМИЧНА ДИЈАБЕТИЧНА КЕТОАЦИДОЗА ПРЕЦИПИТИРАНА ОД SGLT-2 ИНХИБИТОР: ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ

Живковиќ Марија[1], Волкановска Цветанка.[1], Мехмедовиќ Надица [2], Радовиќ Марија [2]
[1]Универзитетска Клиника за Ендокринологија, Дијабетес и Метаболички нарушувања, Универзитет Св.Кирил и Методиј, Скопје
[2]Универзитетска Клиника за Кардиохирургија, Универзитет Св.Кирил и Методиј, Скопје

Вовед: Еугликемичната дијабетична кетоацидоза (ЕуДКА) е ретка, но сериозна несакана компликација од употреба на инхибитори на натриум-глукоза котранспортер 2(SGLT2). Прикажуваме случај на пациент на 39 годишна возраст со тешка ЕуДКА, преципитирана од употреба на емпаглифлозин. **Приказ на случај:** Пациент со историја за дијабетес тип 2, седум години, на терапија со метформин 2000мг, вилдаглиптин 100мг, гликлазид 60мг, и мултипла склероза 2 години, на редовна биолошка терапија, е третиран со високи дози на кортикостероиди поради влошување на невролошката симптоматологија. По испис, на вредност на ХбА1ц-12.1 % е започната терапија со емпаглифлозин 10 мг. Седум дена по вклучување на терапијата пациентот се јавува во Ургентен Центар поради симптоми на општа слабост, намален апетит и грчеви во мускулите. Првичните лабораториски анализи покажуваат гликемија 8.1 ммол/л, уредни деградациони продукти, електролити и присуство на кетони во урина. Пациентот е третиран со пантопразол, 0.9% раствор на NaCl и упатен на домашно лекување. Неколку часа подоцна пациентот повторно се јавува на преглед поради влошување на општата состојба, по што е хоспитализиран во единица за интензивна нега. На прием гликемија 8.1 ммол/л, пулс 130/мин, ТА-127/66 ммХг, сатурација 87%, ацидо-базен статус pH- 6.87, pO2-177 ммХг, pCO2-7 ммХг, HCO3-3,0 ммол/л, K-3,8 ммол/л, Lact-2,8 ммол/л. Пациентот е поставен на механичка вентилација, третиран со интравенска инсулинска инфузија, флуидна терапија, норадреналин, калиум хлорид и бикарбонати. По подобрување на состојбата е направена транзиција кон супкутана инсулинска терапија. **Заклучок:** Раното препознавање на оваа сериозна компликација маскирана со еугликемија е важно за навремен третман. Избегнување на инцијацијата на SGLT-2 инхибитори во услови на стрес, намален јагленохидратен внес и инфекција го намалува ризикот од ЕуДКА.

SGLT2 INHIBITOR–INDUCED EUGLYCEMIC DIABETIC KETOACIDOSIS: A CASE REPORT

Zivkovic Marija[1], Volkanovska Cvetanka[1], Mehmedovic Natasha[2], Radovic Marija [2]
[1] University Clinic for Endocrinology, Diabetes and Metabolic Disorders, Ss. Cyril and Methodius University - Skopje
[2] University Clinic for Cardiac Surgery, Ss. Cyril and Methodius University - Skopje

Introduction: Euglycemic diabetic ketoacidosis (EuDKA) is a rare but serious complication of sodium-glucose cotransporter 2 (SGLT2) inhibitors. We present a case of a 39 year old patient with EuDKA precipitated by empagliflozin therapy. **Case report:** Male patient with a history of type 2 diabetes for 7 years, on metformin, vildagliptin, gliclazide and multiple sclerosis for 2 years, on biological therapy, was treated with high doses of corticosteroids due to progression of neurological symptomatology. Because of poorly controlled diabetes with HbA1c of 12.1%, 10mg of empagliflozin was

instituted in outpatient conditions. Seven days after the initiation of empagliflozin, patient presented to the emergency department with complaints of malaise, abdominal discomfort, loss of appetite and muscle cramps. Laboratory analysis showed glycaemia of 8,1 mmol/l, normal blood urea, creatinine, electrolytes and high levels of ketone in urine. Patient was treated with 0,9% solution of NaCl, 40mg of pantoprazole and discharged. Several hours later due to worsening of the condition patient was admitted to the intensive care unit. On admission glycaemia was 8,1 mmol/l, heart rate 130/min, arterial tension-127/66 mmHg, oxygen saturation 87%, arterial blood gases pH- 6.87, pO2- 177mmHg, pCO2- 7 mmol/l, bicarbonate-3,0 mmol/l, potassium-3,8 mmol/l, lactate-2,8 mmol/l. Therapy with intensive fluid replacement, intravenous insulin infusion, potassium chloride, bicarbonate and noradrenalin was instituted and mechanical ventilation was indicated. After patient condition gradually improved, transition to subcutaneous insulin therapy was made.
Conclusion: Early identification of diabetic ketoacidosis despite euglycemia is essential for timely institution of treatment. Avoiding initiation of SGLT-2 inhibitors in volume-depleting illnesses, diminished oral intake, infection or other metabolic stressors reduces the risk for EuDKA .

12. ЕФИКАСНОСТ И БЕЗБЕДНОСТ НА ЕМПАГЛИФЛОЗИН И ЕДНАШ НЕДЕЛЕН СУБКУТАН СЕМАГЛУТИД КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ДИЈАБЕТЕС ТИП 2 ВО ШТИП

Валентина Велкоска Накова[1,2], Стојка Докузова[1], Татјана Прошева[3]
[1]Клиничка болница, Штип, Р.С. Македонија
[2]Факултет за медицински науки, Универзитет Гоце Делчев, Штип, Р.С. Македонија
[3]Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и болести на метаболизмот, Скопје, Р.С. Македонија

Цел: Ефикасноста и безбедноста на новите лекови (еднаш неделен субкутан семаглутид (OWSem) и емпаглифлозин (Empa)) беа анализирани кај пациенти со дијабетес тип 2 (T2DM) во Клиничката болница во Штип, Р.С. Македонија. **Материјал и методи:** Сто дваесет и еден пациент лекувани за прв пат со OWSema или Empa беа ретроспективно анализирани. Се следеше гликемиската контрола, серумскиот креатинин, намалувањето во телесната тежина, присутните коморбидитети и евентуална хоспитализација за време на третманот. **Резултати:** Помеѓу 61 пациент третиран со OWSema и 60 пациенти третирани со Empa, немаше статистички значајни разлики во возраста, полот, индексот на телесна маса, времетраењето на дијабетот и бројот на пациенти третирани со инсулин. Двата лека (OWSema и Empa) постигнаа статистички значајно намалување на HbA1c по 6, 12 и 18 месеци (9,2; наспроти 7,6; 6,7; 6,6 и 9,3; наспроти 7,5; 7,2, 7,5%, соодветно) третман. Немаше разлики во вредноста на серумскиот креатинин помеѓу посетите во двете групи. Во периодот од 2 години починале 3ца пациенти (5%) со повеќе коморбидитети од групата Empa. Еден пациент од групата Empa беше хоспитализиран поради акутен пулмонален едем и двајца од групата OWSema поради TIA и акутен коронарен синдром. Просечното намалување на тежината беше поизразено во групата OWSema (6,0 наспроти 4,0 kg). Пет пациенти го прекинаа третманот со Empa на почетокот поради некомплицирана уринарна инфекција, а еден го прекина OWSema поради гастроинтестинална нетолеранција. Осум пациенти не ја толерираа дозата од 1 mg и продолжија со 0,5 mg OWSema. **Заклучок.** Субкутаниот семаглутид и емпаглифлозин се ефикасни и безбедни за третман на Т2ДМ.

EFFICACY AND SAFETY OF EMPAGLIFLOZIN AND ONCE WEEKLY SEMAGLUTIDE IN T2DM PATIENTS IN SHTIP

Valentina Velkoska Nakova[1,2], Stojka Dokuzova[1], Tatjana Prosheva[3]
[1] Clinical Hospital, Stip, R.N. Macedonia
[2]Faculty of medical science, University Goce Delchev, Stip, R.N. Macedonia
[3]University Clinic of Endocrinology, Diabetes and Metabolic Disease, Skopje, R.N.Macedonia

Objective: Efficacy and safety of the new treatment agents (once weekly semaglutide (OWSem) and the empagliflozin (Empa)) were analysed in patients with type 2 diabetes (T2DM) in the Clinical Hospital in Shtip, R.N. Macedonia. **Material and methods:** One-hundred-twenty-one patients treated for the first time with OWSema or Empa retrospectively were analyzed. Glycaemic control, serum creatinine, decrease in weight, co-morbidities, and hospitalization during treatment were recorded**. Results:** Between the 61 patients treated with OWSema and 60

patients treated with Empa, weren't statistically significant differences in age, sex, BMI, duration of diabetes, and number of patients treated with insulin. Both agents (OWSema and Empa) achieved statistically significant HbA1c reduction after 6, 12, and 18 months (9.2; vs. 7.6; 6.7; 6.6, and 9.3; vs. 7.5; 7.2, 7.5%, respectively) treatment. There weren't differences in the value of creatinine between the visits in both groups. During the period of 2 years, 3 patients (5%) died, all with multiple comorbidities from the Empa group. One patient from Empa group was hospitalized because of acute pulmonary oedema and two from the OWSema group because of TIA and acute coronary syndrome. The median decrease in weight was more pronounced in the OWSema group (6,0 vs. 4,0kg). Five patients stop the treatment with Empa because of a simple urinary infection, and one stop the OWSema because of GIT intolerance. Eight patients did not tolerate the dose of 1mg, and they continue with 0,5mg OWSema. **Conclusion.** Once weekly semaglutide and empagliflozine are efficacy and safe for treatment of T2DM.

13. ЗАСТАПЕНОСТ НА МЕТАБОЛИЧЕН СИНДРОМ КАЈ ПАЦИЕНТКИ ВО ПОСТМЕНОПАУЗА СО ПАТОЛОШКИ ПРОМЕНИ НА ЕНДОМЕТРИУМОТ

Ана Коцевска[1], Славица Шубеска Стратрова[2], Кристина Скепаровска[1], Димитар Георгиев[1]
[1] ЈЗУ Специјализирана Болница за Гинекологија и Акушерство " Мајка Тереза" –Скопје
[2] ЈЗУ Универзитетска Клиника за Ендокринологија, Дијабет и Метаболни нарушувања-Скопје

Вовед: По менопаузата, жените имаат поголема веројатност да развијат метаболичен синдром, комбинација на состојби кои вклучуваат висок крвен притисок, централен обезитет, покачени нивоа на холестерол, триглицериди во крвта и покачена гликемија. Дебелината на ендометриумот во постменопауза треба да е под 5мм, а секое задебелување укажува на можно постоење на полип, хиперплазија или карцином. **Цели:** Да се утврди застапеноста на метаболичен синдром кај постменопаузални пациентки со фракционирана експлоративна киретажа и нивоата на одредени биохемиски и хормонски параметри. Материјал и методи: Во студијата учествуваа 60 пациентки во постменопауза кај кои беше направена експлоративна киретажа поради абнормално крварење од утерус или ултразвучно детектирани промени на ендометриумот. Присуството на метаболичен синдром се утврдуваше според соодветни критериуми. Беа направени биохемиски и хормонски анализи. **Резултати:** Од вкупно 60 пациентки во постменопауза, кај 40 (66,7%) беше утврдено присуство на метаболичен синдром, а 20 (33,3%) немаа метаболичен синдром. Пациентките со метаболичен синдром беа постари од тие без метаболичен синдром (p =0.05), имаа сигнификантно повисоки вредности на индексот на телесна маса (p=0.0001), обемот на половина (p=0.0001), гликемија (p=0.021), HbA1c (p=0.017), триглицериди (p=0.026), систолен и дијастолен крвен притисок (p=0.001) и сигнификантно понизок ХДЛ холестерол (p=0.008), во однос на пациентките без метаболичен синдром. Статистички значајна разлика не докажавме во однос на нивоата на вкупниот холестерол, ЛДЛ холестерол, TSH, тироксин, инсулин, FSH, LH и естрадиол. **Заклучок:** Овие податоци потврдија дека дури 66,7% од постменопаузалните испитанички имаа метаболичен синдром со поголем степен на дебелина, и тоа централна дебелина, повисоки вредности на гликемијата и HbA1c, повисоки вредности на триглицеридите, понизок HDL холестерол, повисок систолен и дијастолен крвен притисок, кои претставуваат ризик фактори за кардиоцереброваскуларни и други компликации, вклучувајќи ги и промените на ендометриумот.

METABOLIC SYNDROME IN PERIMENOPAUSAL PATIENTS WITH FRACTIONAL EXPLORATIVE CURETTAGE

Ana Kocevska[1], Slavica Shubeska Stratrova[2], Kristina Skeparovska[1], Dimitar Georgiev[1]
[1] Specialized Hospital for Gynecology and Obstetrics «Mother Teresa» - Skopje
[2] University Clinic for Endocrinology, Diabetes and Metabolic Dysorders - Skopje

Introduction: After menopause, women are more likely to develop metabolic syndrome, a combination of conditions that includes high blood pressure, excess belly fat, elevated levels of cholesterol or other lipids in the blood, and elevated blood sugar. The thickness of the endometrium in postmenopause should be below 5 mm, and any thickening indicates the possible existence of a polyp, hyperplasia or cancer. **Objectives:** To determine the prevalence of metabolic syndrome in postmenopausal patients with fractional explorative curettage and the levels of certain biochemical and hormonal parameters. Material and methods: 60 postmenopausal women who underwent explorative curettage due to abnormal uterine bleeding or ultrasound-detected endometrial changes participated in the study. The presence of metabolic syndrome was determined according to appropriate criteria.

Biochemical and hormonal analyzes were performed. **Results:** Out of a total of 60 postmenopausal women, 40 (66.7%) had metabolic syndrome, and 20 (33.3%) did not have metabolic syndrome. Patients with metabolic syndrome were older than those without metabolic syndrome (p =0.05), had significantly higher values of body mass index (p=0.0001), waist circumference (p=0.0001), glycemia (p=0.021), HbA1c (p=0.017), triglycerides (p=0.026), systolic and diastolic blood pressure (p=0.001) and significantly lower HDL cholesterol (p=0.008), compared to patients without metabolic syndrome. We did not prove a statistically significant difference in levels of total cholesterol, LDL cholesterol, TSH, thyroxine, insulin, FSH, LH and estradiol. **Conclusion:** These data confirmed that 66.7% of postmenopausal women had metabolic syndrome with a higher degree of obesity (especially central obesity) higher glycemic and HbA1c levels, higher triglyceride levels, lower HDL cholesterol, higher systolic and diastolic blood pressure, which represent risk factors for cardiovascular and other complications, including endometrial changes.

14. ИНФОРМИРАНОСТ НА ПАЦИЕНТИТЕ СО ДИЈАБЕТЕС ТИП 2 ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ХРОНИЧНИТЕ КОМЛИКАЦИИ ОД ДИЈАБЕТОТ

Маријана Митева[1], Валентина Велкоска Накова[1]
[1]Клиничка болница, Штип, Р.С. Македонија

Вовед: Лицата со дијабетес имаат зголемен морбидитет и морталитет поради акутните и хронични компликации кои ги предизвикува дијабетот. За превенција на истите потребна е едукација на пациентите и редовни скрининг прегледи. **Материјали и методи:** На 57 последователни пациенти со дијабетес, кои ги посетија Центарот за дијабет во Клиничката болница во Штип им се подели анонимен прашалник. Прашалникот се состоеше од 15 прашања поврзани со информираноста на пациентите за хроничните компликации кои ги предизвикува дијабетот и честотата на скрининг прегледи кои секој пациент ги изведува. **Резултати:** Пациентите беа на просечна возраст од 63 години, од кои 38 беа жени и 19 мажи, со просечно времетраење на дијабетот од околу 9 години. Дваесет и шест или 46% од испитаниците биле запознаени со компликациите од дијабетот, а 31 испитаник или 54% не биле запознаени. Дваесет и шест проценти од испитаниците не проверувале редовно HbA1c, липиди и микропротеинурија во урина, 30% не го мереле редовно крвниот притисок, 56% не правеле преглед на очно дно еднаш годишно и 69% не ги самопрегледувале своите стапалата. **Заклучок:** Неопходни се редовни едукации кај лицата со дијабетес за компликациите од истиот, бидејќи голем е процентот на лица кои не се запознаени со компликациите и не изведуваат скрининг прегледи за истите.

AWARENESS OF COMPLICATIONS OF DIABETES MELLITUS AMONG TYPE 2 DIABETIC PATIENTS

Marijana Miteva[1], Valentina Velkoska Nakova[1]
[1]Clinical Hospital, Stip, R.N. Macedonia

Introduction: People with diabetes have increased morbidity and mortality due to the acute and chronic complications caused by diabetes. Patient education and regular screening examinations are required for prevention. **Materials and methods:** Fifty-seven consecutive patients with diabetes who visited the Diabetes Center at the Clinical Hospital in Shtip filled out an anonymous questionnaire. The questionnaire consisted of 15 questions related to patients' awareness of chronic complications caused by diabetes and the frequency of screening examinations performed by each patient. **Results:** Patients had a mean age of 63 years, 38 were women and 19 men, with a mean duration of diabetes of about 9 years. Twenty-six or 46% of patients were familiar with the complications of diabetes, and 31 or 54% were not. Twenty-six percent of patients did not regularly check HbA1c, lipids and microproteinuria in urine, 30% did not measure blood pressure regularly, 56% did not have a fundus examination once a year, and 69% did not self-examine their feet. **Conclusion:** Regular education is necessary for people with diabetes about its complications, because the percentage of people who are not familiar with the complications and do not perform screening examinations is very high.

15. ИНЦИДЕНЦА НА АКРОМЕГАЛИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОД ОД 2015 ДО 2020 ГОДИНА, СПРЕМА ПОДАТОЦИТЕ ОД НАЦИОНАЛНИОТ ЕЛЕКТРОНСКИ ЗДРАВСТВЕН СИСТЕМ

Јовановска Мишевска С[1,2], Михајловска Џ[1], Ахмети И[1,2], Битовска И[1,2], Миленкович Т[1,2], Бајрактарова Прошева Т[1,2], Плашески Т[1,2],Тодорова Б[1,2]
[1]Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички заболувања Скопје, Република Северна Македонија
[2]Медицински факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје, Република Северна Македонија

Вовед: Акромегалијата е ретко ендокринолошко нарушување со спора прогресија, предизвикано од хронична хиперпродукција на хормон за раст која се должи на соматотропен питуитарен аденом. Во нашата земја нема релевантни податоци за инциденцата, преваленцата и компликациите од акромегалијата, а достапните податоци се базирани на анализи правени во индивидуални центри. **Цел:** Да се одреди годишната инциденца на акромегалија во Република Северна Македонија за периодот од 2015 до 2020 година, базирано на податоци од националниот електронски здравствен систем. **Методи:** Направено беше пребарување на националниот електронски здравствен систем за сите пациенти со МКБ-10 дијагноза Е22.0 и D35.2. Инциденцата на акромегалија по поединечни години беше проценета на 10^6 жители, спрема првото појавување на двете дијагнози во системот. Популационите податоци беа превземени од Државниот завод за статистика (MAKSTAT). Резултати: Бројот на новодијагностицирани регистрирани пациенти со акромегалија и питуитарен аденом беше 11 случаи во 2015 година, 12 во 2016, 16 во 2017, 15 во 2018, 13 во 2019 и само 2 случаи во 2020 година. Споредено со регистрираниот број на жители по години, годишната стапка на инциденца за акромегалија беше 5.31 на милион жители во 2015; 7.23/10^6 за 2016; 7.70/10^6 за 2017; 7.22 /10^6 за 2018; 6.27 /10^6 за 2019 и 0,96 /10^6 за 2020. Средната годишна инциденца за акромегалија и питуитарен аденом изнесуваше 5,79 случаи на 100000 жители. **Заклучок: годишната инциденца на акромегалија во нашата земја е стабилна, со исклучок на малата инциденца во 2020 година, која соодветствува со почетокот на кризата со ковид-19. годишната инциденца на акромегалија е во согласност со пријавените инциденци на глобално ниво.**

INCIDENCE OF ACROMEGALY IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA FOR THE PERIOD FROM 2015 TO 2020, ACCORDING TO DATA DERIVED FROM THE NATIONAL EHEALTH SYSTEM

Jovanovska Mishevska S[1,2], Mihajlovska Dz[1], Ahmeti I[1,2], Bitovska I[1,2], Milenkovic T[1,2], Bajraktarova Prosheva T[1,2], Plasheski T[1,2], Todorova B[1,2]
[1]University clinic of endocrinology, diabetes and metabolic disorders Skopje, North Macedonia
[2]Medical faculty, Ss. Cyril and Methodius University Skopje, North Macedonia

Background: Acromegaly is a rare, slowly progressing endocrine **disorder caused by chronic overproduction of growth hormone by the pituitary gland,** usually due to a pituitary somatotroph adenoma**. Valid data on acromegaly incidence, prevalence and complications in our country are scarce, and are usually based on individual centers analysis.** Aim: To find the annual incidence rates of acromegaly in the Republic of North Macedonia for the period from 2015 to 2020, based on data derived from the National eHealth System. Methods: The National eHealth System was searched for all patients with ICD-10 diagnosis E22.0 and D35.2 in their electronic healthcare records. The annual incidence rate of acromegaly was estimated per 10^6 persons, according to the first occurrence of both diagnoses. The National Data records from State Statistical Office (MAKSTAT) for the population per year were used. Results: The number of newly diagnosed registered cases with acromegaly and pituitary adenoma was 11 in year 2015, 12 in 2016, 16 in 2017, 15 in 2018, 13 in 2019 and only 2 in 2020. Compared to the registered number of citizens by years, the annual incidence rate of acromegaly was 5.31 per one million for 2015; 7.23 /10^6 for 2016; 7.70/10^6 for 2017; 7.22 /10^6 for 2018; 6.27 /10^6 for 2019 and 0,96 /10^6 for 2020. The average annual incidence rate for acromegaly and pituitary adenoma was 5,79 cases per 100000 inhabitants **Conclusion: the incidence rate of acromegaly in our country seems stable, with the exception of year 2020 which coincides with the beginning of the covid 19 crisis. the annual incidence rate of acromegaly** is in conformity with the reported incidence worldwide.

16. ИНЦИДЕНЦА НА КУШИНГОВА БОЛЕСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОД ОД 2013 ДО 2020 ГОДИНА, СПРЕМА ПОДАТОЦИТЕ ОД НАЦИОНАЛНИОТ ЕЛЕКТРОНСКИ ЗДРАВСТВЕН СИСТЕМ

Јовановска Мишевска С[1,2], Живкович Христова М[1,2], Муча А[1,2], Волкановска Илијевска Ц[1,2], Стевчевска А[1,2], Адамова К[1], Младеновска И[1], Шубеска Стратрова С[1,2]
[1]Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички заболувања Скопје, Република Северна Македонија
[2]Медицински факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје, Република Северна Македонија

Вовед: Кушинговата болест е ретко ендокринолошко нарушување кое се карактеризира со зголемено лачење на адренокортикотропен хормон (АСТН) предизвикано од кортикотропен аденом на хипофизата. Во нашата земја нема релевантни податоци за точната инциденца на Кушинговата болест, а објавени се само податоци за поединечни случаи. Цел: Да се одреди годишната инциденца на Кушингова болест во Република Северна Македонија за периодот од 2013 до 2020 година, базирано на податоци од националниот електронски здравствен систем. **Методи:** Направено беше пребарување на националниот електронски здравствен систем за сите пациенти со МКБ-10 дијагноза Е24.0. Инциденцата на Кушингова болест по поединечни години беше проценета на 10^6 жители и спрема времето на иницијално поставување на дијагнозата. Популационите податоци беа превземени од Државниот завод за статистика (MAKSTAT). Резултати: Бројот на новодијагностицирани регистрирани пациенти со Кушингова болест беше 3 случаи во 2013 година, 4 во 2014, 5 во 2015, 2 во 2016, 4 во 2017, 4 во 2018, а во 2019 и 2020 година немаше регистриран ниту еден нов случај. Споредено со регистрираниот број на жители по години, годишната стапка на инциденца за Кушингова болест изнесуваше 1.45 на милион жители во 2013 година; 1.93/10^6 за 2014; 2.4/10^6 за 2015; 0.96 /10^6 за 2016; 1.93 /10^6 за 2017 и 1.92 /10^6 за 2018 година. Средната годишна инциденца за Кушингова болест изнесуваше 1.77 случаи на 100000 жители. **Заклучок: Проценетата годишна инциденца на Кушингова болест на светско ниво е 1.2-2.4 случаи на милион. Годишната инциденца на Кушингова болест во нашата земја соодветствува со пријавените инциденци на глобално ниво.**

INCIDENCE OF CUSHING'S DISEASE IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA FOR THE PERIOD FROM 2013 TO 2020, ACCORDING TO DATA DERIVED FROM THE NATIONAL EHEALTH SYSTEM

Jovanovska Mishevska S[1,2], Zhivkovic Hristova M[1,2], Mucha A[1,2], Volkanovska Ilijevska C[1,2], Stevchevska A[1,2], Adamova K[1], Mladenovska I[1], Shubeska Stratrova S[1,2]
[1]University clinic of endocrinology, diabetes and metabolic disorders Skopje, North Macedonia
[2]Medical faculty, Ss. Cyril and Methodius University Skopje, North Macedonia

Background: Cushing's disease is a rare endocrine disorder characterized by increased secretion of adrenocorticotrophic hormone (ACTH) by a corticotropic pituitary adenoma. In our country there are no data on the incidence of Cushing's disease and only sporadic case report have been published. Aim: To find the annual incidence rates of Cushing's disease in the Republic of North Macedonia for the period from 2013 to 2020, based on data derived from the National eHealth System. Methods: The National eHealth System was searched for all patients with ICD-10 diagnosis E24.0 in their electronic healthcare records. The annual incidence rate of Cushing's disease was estimated per 10^6 persons, according to the initial occurrence of the diagnosis. The National Data records from State Statistical Office (MAKSTAT) for the population per year were used. Results: The number of newly diagnosed registered cases with Cushing's disease was 3 in year 2013, 4 in 2014, 5 in 2015, 2 in 2016, 4 in 2017, 4 in 2018 and there were no new cases diagnosed in 2019 and 2020. Compared to the registered number of citizens by years, the annual incidence rate of Cushing's disease was 1.45 per one million for 2013; 1.93 /10^6 for 2014; 2.4/10^6 for 2015; 0.96 /10^6 for 2016; 1.93 /10^6 for 2017 and 1.92 /10^6 for 2018. The average annual incidence rate for Cushing's disease was 1.77 cases per 100000 inhabitants. **Conclusion: The worldwide incidence rate of Cushing's disease is 1.2-2.4 cases in a million. The average annual incidence rate in our country corresponds to the reported global incidence.**

17. КОМБИНИРАН ПРИСТАП ВО ТРЕТМАНОТ СО ГЛП1 И СГЛТ 2 КАЈ ПАЦИЕНТ СО тип 2 ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС, АОРТНО-КОРОНАРЕН БАЈПАС И МЕТАБОЛЕН СИНДРОМ

Стојка Докузова[1],Марија Бајдевска Спирковска[2],Валентина Велкоска Накова[3]
Клиничка Болница Штип,Општа Болница Куманово,Р.С.Македонија

Вовед: Комбинираната употреба на СГЛТ2 и ГЛП1 е асоцирана со намалување на несаканите мајорни кардијални и цереброваскуларни настани посебно кај пациентите со срцева слабост и тип 2 дијабетес мелитус (Т2ДМ).Компарирано со монотерапијата, комбинацијата резултира со поголема редукција на ХБА-1Ц,ТТ,ФПГ,ППГ,СКП,БМИ,ЛДЛ.Ризикот за хипогликемија е зголемен со примена на комбинирана терапија додека наузеата,вомитус и дијареа се значително поретко појавуваат. **Цел:** Да се утврди ефектот и безбедноста во третманот со примена на новите лекови(парентерален еднаш неделен семаглутид и емпаглифлозин) кај пациент со лоша гликорегулација по претходно направен аорто-коронарен бајпас и со метаболен синдром (обезност,хипертензија, дијабет,хипертриглицеридемија).Случај:Пациент на возраст од 54 години со Т2ДМ од 2012 години,од пред 1 година со АЦБПх3,прележана коронавирусна инфекција и метаболен синдром последна лабораторија ХБА1Ц=8,7%,гликемија=8,6 ммол/л креатинин=80,5(Претходно на Лантус,потоа Рајзодег без добра гликорегулација ТТ=112 ТВ=180 БМИ=34, направена ехокардиографија со ЕФ=43%. Поради гастрични тегоби самоиницијативно престанал да зема Тбл. Метформин и одбива да прима инсулинска терапија секој ден,зема редовна кардиолошка терапија(диуретик,АЦЕ,МРА,БЕТА БЛОКЕР,АСА).Екг=синус ритам,-ТА 145/100 ммХг,триг=2,43 ммол/л...останати анализи уредни.Позитивна фамилијарна анамнеза за КАБ,Т-2ДМ.Поради срцева слабост од умерен степен воведена е терапија со емпаглифлозин од 10 мг дневно како и парентерален еднаш неделен семаглутид.Во период од 6 месеци следена е гликорегулацијата направена контролна ехокардиографија со подобрена ЕФ 46%,фпг 7 ммол/л,ХБА1Ц=7,5%,ТА 135/90,триг=2,2 ммол/л,редукција од 6 кг во ТТ и истиот субјективно се чувствува подобро,нема нова хоспитализација во изминатиот период. **Заклучок:** Комбинацијата на парентералниот семаглутид и емпаглифлозин делува синергистички ефикасно и безбедно за третман на Т2ДМ кај пациент со АЦБП и метаболен синдром со подобрување на гликорегулацијата,намалување на ТТ,СКП и намалување на хоспитализациите поради срцева слабост и трошоците за лекување.

A COMBINED APPROACH IN THE TREATMENT OF GLP1 AND SGLT2 IN A PATIENT WITH T2DM, ACBP AND METABOLIC SYNDROME

Stojka Dokuzova[1], Marija Bajdevska Spirkovska[2], Valentina Velkoska Nakova[3]
Clinical Hospital Shtip, General Hospital Kumanovo, Republic of N.Macedonia

Introduction: The combined use of SGLT2 and GLP1 is associated with a reduction in adverse major cardiac and cerebrovascular events, especially in patients with heart failure and T2DM. Compared to monotherapy, the combination results in a greater reduction in HBA1C, TT, FPG, PPG, SKP, BMI, LDL. The risk of hypoglycemia is increased with the use of combined therapy, while nausea, vomiting and diarrhea occur significantly less frequently. **Objective:** To determine the effect and safety in the treatment using the new drugs (parenteral once weekly semaglutide and empagliflozin) in a patient with poor glycoregulation after a previously performed aorto-coronary bypass and with metabolic syndrome (obesity, hypertension, diabetes, hypertriglyceridemia). Case: 54-year-old patient with T2DM since 2012, since 1 year ago with ACBPx3, previous coronavirus infection and metabolic syndrome, last laboratory HBA1C=8.7%, glycemia=8.6 mmol/l creatinine=80.5(Previously on Lantus, then Raizodeg without good glycoregulation TT=112 TV=180 BMI=34, done echocardiography with EF=43% Due to gastric complaints he stopped taking Tbl. Metformin on his own initiative and refuses to receive insulin therapy every day, he takes regular cardiology therapy diuretic, ACE, MRA, BETA BLOCKER, ASA). ECG=sinus rhythm, TA 145/100 mmHg, trig=2.43 mmol/l... other analyzes are normal. Positive family history of CAD, T2DM. Due to heart failure from moderate degree, therapy with empagliflozin 10 mg per day as well as parenteral semaglutide once a week was introduced. During a period of 6 months, glycoregulation was monitored, a control echocardiography was performed with an improved EF 46%, fpg 7 mmol/l, HBA1C=7.5%, TA 135 /90,trig=2.2 mmol/l, reduction of 6 kg in TT and he subjectively feels better, no new hospitalization in the past period.**Conclusion:** The combination of parenteral semaglutide and empagliflozin acts synergistically effectively and safely for the treatment of T2DM in patients with ACBP and metabolic syndrome by improving glycoregulation, reducing TT, CPB and reducing hospitalizations due to heart failure and treatment costs.

18. МЕТАБОЛИЧЕН СИНДРОМ КАЈ ПАЦИЕНТКИ ВО ПЕРИМЕНОПАУЗА СО ФРАКЦИОНИРАНА ЕКСПЛОРАТИВНА КИРЕТАЖА

Ана Коцевска[1], Кристина Скепаровска[1], Славица Шубеска Стратрова[2], Димитар Георгиев[1]
[1] ЈЗУ Специјализирана Болница за Гинекологија и Акушерство " Мајка Тереза" –Скопје
[2] ЈЗУ Универзитетска Клиника за Ендокринологија, Дијабет и Метаболни Нарушувања-Скопје

Вовед: Метаболниот синдром претставува кластер на метаболички абнормалности кои вклучуваат хипертензија, централна дебелина, инсулинска резистенција и дислипидемија. Тој е силно поврзан со зголемен ризик за развој на дијабетес и атеросклеротични и неатеросклеротични кардиоваскуларни болести. Преминот од пременопауза во постменопауза може да трае до 10 години (перименопауза), а хормоналните промени се ризик фактор за развој на метаболичен синдром кој може да има влијание врз развојот на патолошки промени на ендометриумот. Цели: Да се утврди застапеноста на метаболичен синдром кај перименопаузални пациентки со фракционирана експлоративна киретажа и нивоата на одредени биохемиски и хормонски параметри. Материјал и методи: Во студијата учествуваа 60 пациентки во перименопауза кај кои беше направена експлоративна киретажа поради абнормално крварење од утерус или ултразвучно детектирани промени на ендометриумот. Присуството на метаболичен синдром се утврдуваше според соодветни критериуми. Беа направени биохемиски и хормонски анализи. **Резултати:** Од вкупно 60 пациентки во перименопауза, кај 32 (53%) беше утврдено присуство на метаболичен синдром, а 28 (47%) немаа метаболичен синдром. Пациентките со метаболичен синдром имаа сигнификантно повисоки вредности на индексот на телесна маса (p=0.001), обемот на половина (p=0.041), гликемија (p=0.05), HbA1c (p=0.038), серумски инсулин (p=0.027), триглицериди (p=0.001), систолен и дијастолен крвен притисок (p=0.008) и сигнификантно понизок ХДЛ холестерол (p=0.0001), во однос на пациентките без метаболичен синдром. Статистички значајна разлика не докажавме во однос на возраста, нивоата на вкупниот холестерол, ЛДЛ холестерол, TSH, тироксин, FSH, LH и естрадиол.**Заклучок:** Хормоналните промени во овој период од животот се поврзани со одредени компоненти на метаболниот синдром и истите се важен ризик фактор за кардиоваскуларни болести. Во нашата студија 53% од перименопаузалните жени со индикација за изведување на експлоративна киретажа, ги исполнуваа критериумите за присуство на метаболичен синдром. Тој е и значаен ризик фактор за појава на промени на ендометриумот,како што се полип, хиперплазија и карцином.

METABOLIC SYNDROME IN PERIMENOPAUSAL PATIENTS WITH FRACTIONAL EXPLORATIVE CURETTAGE

Ana Kocevska[1], Kristina Skeparovska[1], Slavica Shubeska Stratrova[2], Dimitar Georgiev[1]
[1] Specialized Hospital for Gynecology and Obstetrics «Mother Teresa» - Skopje
[2] University Clinic for Endocrinology, Diabetes and Metabolic Dysorders - Skopje

Introduction: Metabolic syndrome is a cluster of metabolic abnormalities that include hypertension, central obesity, insulin resistance and dyslipidemia. It is strongly associated with an increased risk of developing diabetes and atherosclerotic and non-atherosclerotic cardiovascular diseases. The transition from being premenopausal to post-menopausal can last up to 10 years. The lead-up to "the change" is called perimenopause and hormonal changes are a risk factor for the development of metabolic syndrome, which can have an impact on the development of pathological changes in the endometrium. Objectives: To determine the prevalence of metabolic syndrome in perimenopausal patients with fractional explorative curettage and the levels of certain biochemical and hormonal parameters. Material and methods: 60 perimenopausal women who underwent explorative curettage due to abnormal uterine bleeding or ultrasound-detected endometrial changes participated in the study. The presence of metabolic syndrome was determined according to appropriate criteria. Biochemical and hormonal analyzes were performed. **Results:** Out of a total of 60 perimenopausal women, 32 (53%) had metabolic syndrome, and 28 (47%) did not have metabolic syndrome. Patients with metabolic syndrome had significantly higher values of body mass index (p=0.001), waist circumference (p=0.041), glycemia (p=0.05), HbA1c (p=0.038), serum insulin (p=0.027), triglycerides (p=0.001), systolic and diastolic blood pressure (p=0.008) and significantly lower HDL cholesterol (p=0.0001), compared to patients without metabolic syndrome. We did not prove a statistically significant difference in terms of age, levels of total cholesterol, LDL cholesterol, TSH, thyroxine, FSH, LH and estradiol.

Conclusion: Hormonal changes in this period of life are associated with certain components of the metabolic syndrome and are an important risk factor for cardiovascular diseases. In our study, 53% of perimenopausal women with an indication for performing exploratory curettage met the criteria for the presence of metabolic syndrome. It is also a significant risk factor for changes in the endometrium, such as polyp, hyperplasia and cancer.

19. МИКСЕДЕМАТОЗНА КОМА СО ЛЕТАЛЕН ИСХОД – ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ

Надица Божиновска-Димова[1], Невена Маневска[2], Даниела Симоновска[1], Татјана Миленковиќ[3]
[1]ПЗУ Клиничка Болница „Аџибадем Систина“, Скопје, С. Македонија
[2]Институт за патофизиологија и нуклеарна медицина, Медицински факултет, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, Скопје, С. Македонија
[3]Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболни заболувања, Медицински факултет, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, Скопје, С. Македонија

Пациентка на 58 годишна возрас хоспитализирана во тешка општа состојба, неконтактибилна (ГКС 4), обезна (БМИ 42кг/м2), во анасарка, под работна дијагноза за церебрален инфаркт (КТ на глава - лево високо париетално свежа исхемија). Пациентката една година била со намалено расположение (во неколку наврати консултиран психијатар). Во последните 3 денови станала тешко контактибилна. Иниицјалните лабораториски анализи и прегледи спроведени во првите 24 часови укажаа на микседематозна кома (и тешка хипотироза), со акутна бубрежна лезија со рабдомиолиза, дехидрација, хипотензија и хепатална инсуфициенција, со хиперкортизолемија како стресна реакција (TSH=78.73mIU/L; fT4=1.3pmol/L, Креатинин во серум 255umol/L, уреа 22.1mmol/L, AST 121/U/L; ALT 84U/L, креатин киназа 1365U/L, LDH 556U/L, Кортизол (Cortisol) 1756 nmol/L). РТГ на бели дробови - присутна консолидација која зафаќа 70% од паренхимот, срцето миопатско. Ехо на абдомен – метеоризам и цревен застој. Поради недостапност на и.в. формација на левотироксин во Македонија, истата беше веднаш нарачана и стигна за помалку од 48 часови. Во првите два дена таблетарната терапија беше толчена и спорведувана во назогастрична сонда, но немаше ресопрција на аплицираните лекови. Во првите 12 часови од хоспитализацијата дојде до влошување на општата состојба со агонално дишење, периферна сатурација од 40% и електролитен дисбаланс поради што веднаш беше интубирана и поставена артериска линија. Во наредните денови пациентката зависна од катехоламинска поддршка, со значителен пад на тромбоцити и калциум, кои беа супституирани. Вредностите на слободниот тироксин во крвта иницијално во лесно подобрување, но потоа и покрај аплиакцијата на и.в. формација на левотироксин не дојде до значително покачување на вредностите (fT4 3.3 .. 2.6 .. 2.3 .. 2.6 pmol/L). Дојде до појава на ацидоза со pH 6.9, опаѓање на крвните елементи, како и нарушување на ситемот за коагулација, при што во период од 12 денови по приемот настапи егзитус леталис.

LETHAL MYXEDEMATOUS COMA – A CASE REPORT

Nadica Bozhinovska-Dimova[1], Nevena Manevska[2], Daniela Simonovska[1], Tatjana Milenkovic[3]
[1]Private Clinical Hospital “Acibadem Sistina”, Skopje, N. Macedonia
[2] Institute of pathophysiology and nuclear medicine, Faculty of medicine, University of “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, N. Macedonia
[3]University clinic for endocrinology, diabetes and metabolic diseases, Faculty of medicine, University of “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, N.Macedonia

A 58-year-old female patient hospitalized in life threatening medical condition, comatose (GCS 4), obese (BMI 42kg/m2), in anasarca, under a working diagnosis of cerebral infarction (head CT - left high parietal fresh ischemia). The patient was in a depressive mood for more than a year (consulted a psychiatrist on several occasions). In the last 3 days, she stopped interacting with her family. Initial laboratory tests and examinations performed in the first 24 hours indicated myxedematous coma (and severe hypothyroidism), with acute kidney injury with rhabdomyolysis, dehydration, hypotension and hepatic failure, with hypercortisolemia as a stress reaction (TSH=78.73mIU/L; fT4=1.3pmol/L, Serum Creatinine 255umol/L, Urea 22.1mmol/L, AST 121/U/L; ALT 84U/L, Creatine Kinase 1365U/L, LDH 556U/ , Cortisol (Cortisol) 1756 nmol/L). Lungs X-ray - present consolidation involving 70% of the parenchyma, myopathic heart. Abdominal echo – flatulence and intestinal arest. Due to unavailability of i.v. formation of levothyroxine in Macedonia, it was immediately ordered and arrived in less than 48 hours. During the first two

days, the tablets were crushed and administered in a nasogastric tube, but there was no resorption of the applied drugs. In the first 12 hours of the hospitalization, the general condition worsened with agonal breathing, peripheral saturation of 40% and electrolyte imbalance, for which an arterial line was immediately intubated. In the following days, the patient became dependent on catecholamine support, with a significant drop in platelets and calcium, which were substituted. The free thyroxine levels in the blood initially marginally improved, but then despite the application of i.v. formation of levothyroxine, there was no significant increase (fT4 3.3 .. 2.6 .. 2.3 .. 2.6 pmol/L) in the fT4 levels. An acidosis with a pH of 6.9 occurred, a drop in blood elements, as well as a disruption of the coagulation system, during which exitus lethalis occurred, all in all 12 days after admission.

20. НЕУРОФИБРОМАТОЗА ТИП 1 АСОЦИРАНА СО ФЕОХРОМОЦИТОМ-ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ

Т. Бајрактарова Прошева[1], Б. Тодорова[1], А. Стевчевска[1], И. Битовска[1]
[1]УК за Ендокринологија, Дијабетес и болести на метаболизмот; Скопје; Северна Македонија

Вовед: Неурофиброматоза тип 1е заболување кое се наследува автосомно доминантно поради генетска мутација на неурофибромин1генот на долгиот крак на хромозомот 17 на позиција 17q11.2. Се јавува кај 1:4000 индивидуи. Покрај типичните неурофиброми често е асоцирана со други тумори: феохромоцитом, астроцитом, рабдомиосарком, карциноид на дуоденум, соматостатином, аденом на паратироидна жлезда. Феохромоцитом е невроендокрин тумор со потекло од хромафинските клетки на адреналната медула со инциденца 1:100000 жители годишно и преваленца 8:1000000 популација. **Приказ на случај:** Пациент на 65 годишна возраст, хоспитализиран за иследување на туморозна формација во предел на десна надбубрежна жлезда со димензии 55x55 мм видена на ултразвук. Дијагнозата за неурофиброматоза е хистолошки потврдена пред пубертетот. Од статус: присутни мултипни неурофиброматозни лезии на целото тело, хипертензија до 210/110 ммХг и тахикардија од 125/мин. Направен е КТ на абдомен со наод на округла, хиподензна Ту формација со димензии од 5 цм на десна надбубрежна жлезда. Лева надбубрежна жлезда со уреден наод. Од лабораторија: ВМА 81,9 µmol/dU(7,0-68 µmol/dU) метанефрин 10,4 µmol/dU(Do 5,5 µmol/dU), со што е поставена дијагноза за феохромоцитом. Направена е десна адреналектомија. Контролни катехоламини: VMA: 17,3/26,4/26.6 µmol/dU; Metanefrin: 2.0/1,5/1,0 µmol/dU; Патохистолошки наод: Добро дефинирани гнезда од полигонални клетки, опкружени со фиброваскуларна строма. **Заклучок:** Поради генетската предиспозиција, кај пациентите со НФ1 треба да се мисли на развој и на други Ту освен неврофибромите. Се препорачува скрининг на пациенти со НФ1 за феохромоцитом со одредување на катехоламини во 24 h урина, посебно кај пациенти со хипертензија и тахикардија, бидејќи еден од 48 пациенти со НФ1 развива феохромоцитом.

NEUROFIBROMATOSIS TYPE 1 ASSOCIATED WITH PHEOCHROMOCYTOMA-CASE REPORT

T. Bajraktarova Prosheva[1], B. Todorova[1], A. Stevchevska[1], I. Bitovska[1]
[1]University Clinic of Endocrinology, Diabetes and Metabolic Disorders[1], Skopje, North Macedonia

Introduction: Neurofibromatosis type 1 is an autosomal dominant disease caused by a genetic mutation of the neurofibromin1 gene located on chromosomal segment 17q11.2 on the long arm of chromosome 17. It occurs in 1:4000 individuals. Besides of typical neurofibromas, it is often associated with other tumors: pheochromocytoma, astrocytoma, rhabdomyosarcoma, carcinoid of the duodenum, somatostatinoma, adenoma of the parathyroid gland. Pheochromocytoma is a neuroendocrine tumor originating from the chromaffin cells of the adrenal medulla with an incidence of 1:100,000 inhabitants per year and a prevalence of 8:1,000,000 population. **Case report:** A 65-year-old male patient was admitted to our hospital for examination of a right adrenal mass with dimensions of 55x55 mm seen on ultrasound. The diagnosis of neurofibromatosis is histologically confirmed before puberty. Status praesens: multiple neurofibromatous lesions of the trunk, hypertension of 210/110 mmHg, tachycardia of 125/min. An abdominal CT scan was performed with the finding of a round, hypodense mass with dimensions of 5 cm on the right adrenal gland. Left adrenal gland was normal. The laboratory showed elevated urinary catecholamines: VMA 81.9 µmol/dU(7.0-68 µmol/dU) metanephrine 10.4 µmol/dU(Do 5.5 µmol/dU), thus the diagnosis of pheochromocytoma was confirmed. A right adrenalectomy was performed. Postoperative control catecholamines: VMA: 17.3/26.4/26.6 µmol/dU; Metanephrine: 2.0/1.5/1.0 µmol/dU; Pathohistological finding: Well-defined nests of polygonal cells surrounded by fibrovascular stroma. **Conclusion:** Due to the genetic predisposition, in patients with NF1 the development of Tu other than neurofibromas should be considered. Screening of patients with NF1 for

pheochromocytoma by determination of catecholamines in 24 h urine is recommended, as one in 48 patients with NF1 develops pheochromocytoma.

21. ОСТЕОМИЕЛИТИС КАЈ ДИЈАБЕТИЧНО СТОПАЛО НА ПАЦИЕНТ СО ТИП 2 ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС - ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ

Гоце К. Христов[1], Искра Битоска [2], Билјана Тодорова[2], Даниела Донева[3]
[1]ЈЗУ Општа Болница Струмица, [2]ЈЗУ УК за Ендокринологија, Дијабетес и Метаболички нарушувања, [3] ГОБ 8ми Септември Скопје.

Вовед: Остеомиелитисот (ОМ) е честа компликација на улкусите на дијабетичното стапало (ДС) и/или инфекциите на дијабетичната нога. Оваа презентација ја разгледува клиничката слика, дијагнозата и третманот на ОМ кај ДС. Претставуваме пациент со нагол почеток на црвенило и сецернација на смрдлив и жолт секрет од улцерна рана на лево стопало, пратен со оток, топлина, болка и намален осет, како и покачена температура. Станува збор за пациент со Т2ДМ со дијабетична полиневропатија, дијабетично стопало, МИ и срцева слабост, PCI/Stenting, како и периферна васкуларна болест (PTA ATA l.sin distal). Пациентот евалуиран и направени повеќе иследувања во прилог на ОМ кај ДС. Третиран конзервативно со добар тек и прогноза на болеста. **Дискусија:** Овој приказ илустрира брза и точна евалуација на ОМ кај ДС со оптимален исход. Клиничката слика, лабораторијата, микробиолошките иследувања, радиолошките, макроваскуларните компликации,со елиминарење на траумата, беа клучните показатели кои не насочија кон дијагнозата. Imaging техниките ја потврдија остеолизата на телото од средна фаланга на 4- ти прст со ресорпција и деструкција, кои се патогномонични за ДС со секундарен ОМ, кои ги пратеше и микробиолошка верификација на *Staphylococcus aureus*. Оптималниот конзервативен (ванкомицин и LWMH) исход се презентираше преку клиничко подобрување и заздравување. **Заклучок:** Болните со ДС треба да внимаваат и алармираат на секундарните инфекции, кои често водат кон ОМ.

OSTEOMYELITIS IN THE DIABETIC FOOT OF A PATIENT WITH TYPE 2 DIABETES MELLITUS – A CASE REPORT

GoceK.Hristov[1], IskraBitoska[2], BiljanaTodorova[2], Daniela Doneva[3]
[1]Public Hospital Strumica, [2]University Clinic of Endocrinology, Diabetology and Metabolic disorders, [3]City General Hospital "8th September Skopje".

Introduction: Osteomyelitis (OM) is a common complication of diabetic foot ulcers (DFU) and/or diabetic foot infections. This presentation reviews the clinical presentation, diagnosis and treatment of OM in DFU.
We present a patient with sudden onset of redness and secretion of foul-smelling and yellow discharge from an ulcer on the left foot, accompanied by swelling, heat, pain and reduced sensation, as well as elevated temperature. It is a patient with T2DM with diabetic polyneuropathy, diabetic foot, MI and heart failure, PCI/Stenting, as well as peripheral vascular disease (PTA ATA l.sin distal). The patient was evaluated and several investigations were performed in addition to OM in DFU. Treated conservatively with a good course and prognosis of the disease.
Discussion: This presentation illustrates the rapid and accurate evaluation of OM in DFU with optimal outcome. The clinical presentation, laboratory, microbiological studies, radiological, macrovascular complications, with the elimination of trauma, were the key indicators that led us to the diagnosis. Imaging techniques confirmed osteolysis of the body of the middle phalanx of the 4th finger with resorption and destruction, which are pathognomonic of DFU with secondary OM, which was accompanied by microbiological verification of Staphylococcus aureus. Optimal conservative (vancomycin and LWMH) outcome was presented through clinical improvement. **Summary**: Patients with DFU should be careful and alert to secondary infections, which often lead to OM.

22. ПАРЦИЈАЛЕН АНДРОГЕН ИНСЕНЗИТИВИТИВЕН СИНДРОМ (PAIS) ПРИЧИНЕТ ОД МОЗАИЧНА ФОРМА НА DE NOVO МУТАЦИЈАТА C.-547C>T ВО ПРОМОТЕРОТ НА ГЕНОТ ЗА АНДРОГЕН РЕЦЕПТОР (*AR*)

Тошо Плашески[1], Maja Dimitrovska1, Искра Битоска[1], Саша Јовановска-Мишевска1, Предраг Новески[2] и Дијана Плашеска-Каранфилска[2]
[1]Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања, Клинички центар „Мајка Тереза", 1000 Скопје, Република Северна Македонија

[2]Истражувачки центар за генетско инженерство и биотехнологија (ИЦГИБ) „Ѓорѓи Д. Ефремов“, МАНУ, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

Андроген инсензитивитниот синдром (AIS) претставува спектар на дефекти во дејството на андрогените и е поделен на три фенотипови: целосен (CAIS), парцијален (PAIS) и благ синдром на андрогенска нечувствителност (MAIS). Фенотипот се движи од нормални женски надворешни гениталии кај CAIS, преку широк спектар на недоволно вирилизирани машки надворешни гениталии кај PAIS до нормални машки надворешни гениталии поврзани со неплодност и/или гинекомастија кај MAIS. Мутации во генот на андрогениот рецептор (AR) се откриваат кај повеќето индивидуи со CAIS, но помалку кај лицата со PAIS.
На нашиот пациент при раѓањето му биле дијагностицирани абмигвитетни гениталии и 46,XY кариотипот. Иако на родителите им било советувано да го воспитуваат детето како женско и била направена феминизирачка генитопластика на 6 годишна возраст, тие го воспитале како машко поради што тој одлучува да се подложи на хируршка промена на полот на 24 годишна возраст. Директното секвенционирање на ДНК изолирана од леукоцити и од букални клетки откри мозаична c.-547C>T мутација во промоторот на AR генот, присутен во околу 70% од клетките. Мутацијата се случила како de novo настан (не беше присутна кај мајката на пациентот, а нивната биолошка поврзаност беше потврдена со ДНК анализа). Оваа промена е претходно опишана во литературата кај двајца несродни пациенти со CAIS, а функционалните испитувања покажале дека истата сериозно ја нарушува функцијата на рецепторот за андрогени. Различните фенотипови асоцирани со истата AR c.-547C>T мутација, CAIS кај претходно објавените пациенти и PAIS кај нашиот пациент, може да се објасни со мозаицизмот присутен кај нашиот пациент.

A PATIENT WITH PARTIAL ANDROGEN INSENSITIVITY SYNDROME (PAIS) DUE TO A MOSAIC DE NOVO PROMOTER MUTATION (C.-547C>T) IN THE ANDROGEN RECEPTOR (*AR*) GENE

Toso Plasheski[1], Maja Dimitrovska[1], Iskra Bitoska[1], Sasha Jovsnovska-Mishevska[1], Predrag Noveski[2] and Dijana Plaseska-Karanfilska[2]
[1]University Clinic of Endocrinology, Diabetes and Metabolic Disorders, Clinical Center “Mother Teresa“, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
[2]Research Centre for Genetic Engineering and Biotechnology ‘Georgi D. Efremov’, Macedonian Academy of Science and Arts, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

Abstract: Androgen insensitivity syndrome (AIS) represents a spectrum of defects in androgen action and is subdivided into three broad phenotypes: complete (CAIS), partial (PAIS) and mild androgen insensitivity syndrome (MAIS). The phenotype ranges from normal female external genitalia in CAIS, through a large spectrum of undervirilized male external genitalia in PAIS to normal male external genitalia associated with infertility and/or gynecomastia in MAIS. Mutations in the androgen receptor gene (AR) are found in the majority individuals with CAIS but in less individuals with PAIS. Our patient was diagnosed at birth with ambiguous genitalia, and a 46,XY karyotype was established . Although parents were advised to raise the child as a female and a feminizing genitoplasty was performed at 6 years, they have reared him as a male and he decided to undergo surgical gender reassignment at 24 years. The direct DNA sequencing of DNA isolated both from leukocytes and buccal cells revealed a mosaic c.-547C>T mutation in the promoter of the *AR* gene, present in app 70% of the cells. The mutation has arisen as a *de novo* event (was not present in patient’s mother and biological relationship was confirmed by DNA analysis). The variant has been previously identified in two unrelated patients with CAIS, when it was shown that *AR* c.547C>T variant severely impacts AR function. The different phenotypes of the same *AR* c.-547C>T mutation, CAIS in previously published patients and PAIS in our patient, can be attributed to the mosaicism present in our patient.

23. ПЕРИНАТАЛЕН ИСХОД КАЈ ПАЦИЕНТКИ СО ГЕСТАЦИСКИ ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС

Димитар Георгиев[1], Ана Коцевска[1], Кристина Скепаровска[1], Александар Наков[1]
[1]ЈЗУ Специјализирана Болница за Гинекологија и Акушерство “ Мајка Тереза” –Скопје

Вовед: Гестацискиот дијабетес мелитус (ГДМ) се дефинира како глукозна интолеранција дијагностицирана за прв пат во текот на бременоста и обично исчезнува за време на пуерпериумот. ГДМ може негативно да влијае на бременоста и да резултира со несакан перинатален исход како макросомија, траума при раѓање, рамена дистокија и повисоки стапки на царски рез.

Цели: Да се утврди перинаталниот исход кај пациентки со гестациски дијабетес мелитус (ГДМ) во споредба со пациентки без ГДМ. **Материјал и методи:** Ретроспективна студија спроведена на 60 пациентки со ГДМ и 60 пацентки без ГДМ како контролна група. Податоците беа добиени од медицинските истории на пациентите, а ги вклучивме овие параметри: возраст, паритет, БМИ, гестациска старост при породување, антенатални компликации, начин на породување, родилна тежина на бебето, Апгар скор, матернален и неонатален морбидитет. Жените со близначка бременост и карлична презентација беа исклучени од анализата. **Резултати:** Пациентките со ГДМ беа постари и со повисок индекс на телесна маса од тие без ГДМ. Хипертензивните нарушувања во бременоста и раѓањето на макрозомни фетуси беа почести кај мајките со ГДМ, а исто така кај нив бременоста почесто се завршуваше со царски рез. Респираторен дистрес, хипогликемија и понизок Апгар резултат во првата минута беа почести кај новороденчињата од мајки со ГДМ. **Заклучок:** ГДМ ќе продолжи да биде проблем за бремените жени поради зголемената инциденца на дебелина ширум светот и предиспозицијата за развој на дијабетес мелитус тип 2 подоцна во животот. Фактот дека дури и благиот ГДМ има значителни последици за жените и нивните бебиња, се препорачува скрининг за ГДМ. Во нашата студија, повеќе перинатални параметри беа асоцирани со присуството на ГДМ такашто адекватниот третман е важен за да имаме подобар матернален и неонатален исход.

PERINATAL OUTCOME IN PATIENTS WITH GESTATIONAL DIABETES MELLITUS

Dimitar Georgiev[1], Ana Kocevska[1], Kristina Skeparovska[1], Aleksandar Nakov[1]
[1] Specialized Hospital for Gynecology and Obstetrics «Mother Teresa» - Skopje

Introduction: Gestational diabetes mellitus (GDM) is defined as glucose intolerance diagnosed for the first time during pregnancy and usually disappears during the puerperium. GDM can negatively affect the pregnancy and result in adverse perinatal outcome like macrosomia, birth trauma, shoulder dystocia and higher rates of cesarean section. **Objectives:** To determine maternal and fetal complications in patients with gestational diabetes mellitus (GDM) compared with non-diabetic patients. **Material and methods:** A retrospective study conducted on 60 patients with GDM and 60 women without GDM as a control group. Data were obtained from the patients' medical records and included this parameters: age, parity, BMI, gestational age at delivery, antenatal complications, mode of delivery, birth weight of the baby, Apgar score, maternal and neonatal morbidity. Women who had multiple pregnancies and breech presentation in labor were excluded from the analysis. **Results:** We found that patients with GDM were older and with high body mass index than mothers without GDM. Hypertensive disorders in pregnancy were more often in diabetic mothers. They also had higher rates of cesarean sections and macrosomic fetuses. Respiratory distress, hypoglycemia and lower Apgar score in the first minute were more often in the neonates from mothers with GDM. **Conclusion:** GDM will continue to be a problem for pregnant women, due to the rising incidence of obesity worldwide and a predisposition to the development of type 2 diabetes mellitus later in life. The fact that even mild GDM seems to have significant consequences for women and their babies the screening of GDM is recommended. In our study, several perinatal parameters were associated with the presence of GDM so thee adequate treatment is important to have a better maternal and neonatal outcome.

24. ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ:ДИЈАГНОСТИЧКИ ПРИСТАП КАЈ БИЛАТЕРАЛНИ АДРЕНАЛНИ МАСИ

Цветанка Волкановска Илијевска[1], Анче Волкановска Николовска[2], Валентина Велкоска Накова[3], Смилјана Бундовска Коцев[4]
[1]Универзитетска Клиника за Ендокринологија, дијабетес и метаболни нарушувања, Скопје
[2] Универзитетска Клиника за Гастронетерохелатологија
[3]Клиничка болница, Штип
[4]Универзитетски Институт за Радиологија, Скопје

Приказ на случај: На нашата клиника беше хоспитализирана 70-годишна жена со 8-месечна епигастрична абдоминална болка, загуба на телесна тежина од 10 kg и повраќање, уреден наод од горна гастроинтестинална (ГИ) ендоскопска евалуација и наод од компјутерска томографија на абдомен за билатерални маси на надбубрежни жлезди со дијаметар од 5 cm. Биохемиската евалуација покажа покачен АСТН (297 pg/ml), нормално ниво на базален кортизол, и отсутна супресија на кортизол на брз дексаметазонски тест. Високиот сооднос на АСТН и кортизол со клиничката презентација беа индикативни за АИ, но истото не беше

потврдено со инфузионен АСТН-стимулациски тест бидејќи не е достапен во нашата институција. Поради упорните ГИ тегоби се направи контролна горна-ГИ евалуација, овој пат со наод за единечна желудочна некротизирачка нодуларна лезија од 1 cm која беше биопсирана. Поради потврдено присуство на малигни клетки се направи експлоративна лапаротомија со наод за дисеминирани лезии на оментум и мезентериум. Конечно беше дијагностициран метастатски меланом од непознато потекло. **Заклучок:** На клинички манифестната АИ вообичаено и претходи пораст на АСТН. Присуство на адренални маси со пропратни отстапувања во ПА оска може да биде индикативно за адренални метастази за што е неопходно сеопфатно испитување за примарниот тумор.

DIAGNOSTIC APPROACH TO A PATIENT WITH BILATERAL ADRENAL MASSES: CASE REPORT

Cvetanka Volkanovska Ilijevska[1], Anche Volkanovska Nikolovska[2], Valentina Velkoska Nakova[3]; Smiljana Bundovska Kocev[4]
[1]University Clinic for Endocrinology, Diabetes and Metabolic Diseases, Medical Faculty, University Ss. Cyril and Methodius, Skopje, North Macedonia
[2]University Clinic of Gastroenterohepatology, Medical Faculty, University Ss. Cyril and Methodius, Skopje, North Macedonia.
[3]Clinical Hospital, Stip, North Macedonia
[4]University Institute of Radiology, Medical Faculty, University Ss. Cyril and Methodius, Skopje, N. Macedonia

Case report: A 70-year-old female was admitted at our clinic with an 8-month history of epigastric abdominal pain, weight loss of 10 kg and vomiting, with normal upper gastrointestinal (GI) endoscopic evaluation and bilateral adrenal masses of 5 cm noted on abdominal computed tomography. Biochemical work up was significant for elevated ACTH (297 pg/ml), normal serum levels of basal cortisol and absent cortisol suppression on low dexamethasone test. The high ACTH to cortisol ratio along with clinical presentation of patient was indicative for an impending AI. Unfortunately, infusion ACTH-stimulation test for diagnosis of AI was not available at our institution. Because of persistent GI symptoms a control upper GI endoscopy was performed and revealed solitary gastric, 1 cm, necrotic nodular lesions which was biopsied. Presence of malignant cells was confirmed which was decisive for explorative laparotomy. Upon exploration, disseminated omental and mesenterial lesions were detected. Sadly, final diagnosis was metastatic malignant melanoma od unknown origin. **Conclusion:** The onset of overt AI is usually preceded by an increase in ACTH. Abnormal results of the pituitary-adrenal-axis in the presence of adrenal masses should raise suspicion for adrenal metastases and prompt comprehensive investigation for primary tumor should be performed.

25. ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ ЗА ГЛИКЕМИСКА И МЕТАБОЛНА КОНТРОЛА КАЈ ПАЦИЕНТКА СО ХОББ, ДМ, СЛЕ И ПАХ

Ангела Петкоска Шуминоска[1] Билјана Кузманоска[1] Александар Шуминоски[1]
[1]ЈЗУ ОБ- Струга

Вовед: Во акутна фаза на ХОББ со респираторна слабост доаѓа до низа на метаболни абнормалност,-кои зедно со пристапот на лекување доведуваат до лоша гликемиска и метаболна контрола кај пациенти со ХОББ и дијабетес мелитус тип2. Приказ на случај: Пациентка на 75год. возраст доведена од службата за ИМП во тешка општа состојба, диспноична, тахипноична, ортопноична, цијанотична, S02- 82%. Пациентка со ХОББ, ПАХ, СЛЕ и дијабетес мелитус тип2 на инсулинска терапија со HumulinN 20IE наутро и тбл. Метформин а 1000мг 2x1. Направени КТ на бели дробови,Ревматолошка и Кардиолошка проценка(еходоплеркардиографија). Гасни анализи во прилог на компензирана респираторна ацидоза pH 7.49 (7.35-7.45), PCO2 52.5 (35.0-48.0), PO2 40mmHg (80-100). Се започна со интензивирана терапија со кортикостероиди,бронходилататор,антибиотик,антикоагулантна и О2 терапија. Се забележа доста лоша гликемиска и метаболна контрола,по што правеа гликемиски профили во x8 точки. Се прекина терапијата со метформин и се започна со интензивирана инсулинска терапија со брзоделувачки и долгоделувачки инсулин по што се доби задоволителна гликемиска контрола. Пациентката се испиша во добра општа состојба,хемодинамски стабилна со задоволителна гликемиска контрола. **Заклучок:** Добрата гликемиска и метаболна контрола кај пациенти со дијабетес мелитус тип2 и ХОББ во акутна фаза, со респираторна слабост, ги подобрува шансите за преживување на пациентите лекувани во единица за интензивна нега.

A CASE REPORT ON GLYCEMIC AND METABOLIC CONTROLIN A PATIENT WITH COPD, DM, SLE AND PAH

Angela Petkoska Shuminoska[1] Biljana Kuzmanoska[1] AleksandarShuminoski[1]
[1]PHO OB – Struga

Introduction: In the acute phase of COPD with respiratory failure, a series of metabolic abnormalities occur, which together with the treatment approach lead to poor glycemic and metabolic control in patients with COPD and type 2 diabetes mellitus. Case report:A 75-year-old patient brought by the Emergency Medical Service in a severe general condition, dyspneic, tachypneic, orthopneic, cyanotic, SO2 - 82%. A patient with COPD, PAH, SLE and diabetes mellitus type 2 on insulin therapy with HumulinN 20 IU in the morning and Metformin tablets 1000 mg 2x1.Performed lung CT, rheumatological and cardiological assessment (echodopplercardiography).Gas analyzes in addition to compensated respiratory acidosis pH 7.49 (7.35-7.45), PCO 52.2 (35.0-48.0), PO2 40mmHg (80-100). Intensive therapy with corticosteroids, bronchodilator, antibiotic, anticoagulant and CO2 therapy was started.Very poor glycemic and metabolic control was observed, after which glycemic profiles were made in x8 points.Metformin therapy was stopped and intensive insulin therapy with rapid-acting and long-acting insulin was started, after which satisfactory glycemic control was achieved. The patient was discharged in good general condition, hemodynamically stable with satisfactory glycemic control. **Conclusion:** Good glycemic and metabolic control in patients with type 2 diabetes mellitus and acute COPD with respiratory failure improves the chances of survival of patients treated in an intensive care unit.

26. ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ КАЈ ПАЦИЕНТКА СО ОСТЕОГЕНЕЗИС ИМПЕРФЕКТА

Билјана Тодорова[1] , Саша Јовановска Мишевска[1] , Арѓент Муча [1], Искра Битоска[1]
[1]ЈЗУ Кл. За Ендокринологија, дијабетес и болести на метаболизмот

Вовед: Остеогенезис имперфекта е генетско заболување кое што се манифестира со зголемена кршливост на коските, ниска коскена маса и други манифестации на сврзното ткиво. 85-90% се асоцирани со патогени варијанти на COL1A1 и COL1A2 гените и водат до дефекти во колаген тип 1. **Приказ на случај** : **Пациентка на 30 години.** Дијагностицирана наносомија на 5 години. МРИ на хипофиза- empти села,со ектопична неврохипофиза. На 12 години било забележано искривување на потколениците. Има сини склери, триаглесто лице. Поради хипопитуитаризмот биле дадени неколку дози на хормон за раст. Тоа оневозможило појава на фрактури. Во пубертетот добила искривување на потколениците (микрофрактури или недоволен депозит на калциум во пораснатата коска поради лесна форма на остеогенезис имперфекта тип 1). FRAKTURI: Состојба по скршеница на десниот радиус во дисталниот дел и стилоидниот процесус на десната улна конзервативно решени со гипсена имобилизација (2017 godina), Fractura et VLC phalangis distalis digiti mani IV lat. dex., Contusio reg. phalangis digiti minimi l. dex.(2015 godina), St post conquasatio dig. IV , V manii dex (2015 godina), St. post fracturam radii part distalis (2014 godina). Позитивна фамилијарна анамнеза-братучедка, внуци од братучедка со остеогенезис имперфекта. DXA- T score на vertebrae=-3,7; на left femur=-0,2; на right femur=-0,4.
Дискусија: Кај пациенти со чести фрактури треба да се помисли на остеоегенезис имперфекта. **Заклучок**: Третманот со бисфосфонат ја намалува стапката на фрактури. Новите антиресорптивни и анаболни агенси се испитуваат, но ефикасноста и безбедноста на овие лекови треба подобро да се утврди.

CASE REPORT IN A PATIENT WITH OSTEOGENESIS IMPERFECTA

Biljana Todorova[1] , Sasa Jovanovska Mishevska[1] , Argjent Mucha [1], Iskra Bitoska[1]
[1]University Clinic of Endocrinology, Diabetes and Metabolism Diseases

Introduction: Osteogenesis imperfecta is a genetic disease that is manifested by increased bone fragility, low bone mass and other manifestations of connective tissue. 85-90% are associated with pathogenic variants of the COL1A1 and COL1A2 genes and lead to defects in collagen type 1. **Case report:** 30-year-old female patient. Diagnosed nanosomia at 5 years old. MRI of the pituitary gland - empty cells, with an ectopic neurohypophysis. At the age of 12, a curvature of the lower legs was observed. She has blue sclerae, a triangular face. Several doses of growth hormone were given due to hypopituitarism. It prevented the occurrence of fractures. In puberty, she got curvature of the lower legs (microfractures or insufficient deposit of calcium in the grown bone due to a mild form of osteogenesis imperfecta type 1). FRACTURES: Condition after a fracture of the right radius in the distal part

and the styloid process of the right ulna conservatively resolved with plaster immobilization (2017 year), Fractura et VLC phalangis distalis digiti mani IV lat. dex., Contusio reg. phalangis digiti minimi l. dex.(2015 year), St post conquasatio dig. IV , V manii dex (2015 year), St. post fracturam radii part distalis (2014 year). Positive family history-cousin, nephews of cousin with osteogenesis imperfecta. DXA- T score on vertebrae=-3.7; on left femur=-0.2; on right femur=-0.4. **Discussion:** Osteogenesis imperfecta should be considered in patients with frequent fractures. **Conclusion:** Bisphosphonate treatment reduces fracture rates. New antiresorptive and anabolic agents are being investigated, but the efficacy and safety of these drugs need to be better established.

27. ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ НА ПАЦИЕНТ СО ПАРАГАНГЛИОМ

Катерина Чешлароска Маркушоска[1], Татјана Миленковиќ[2], Христина Чешлароска[3], Белма Билалоглу Јованоска[2]
[1]Општа болница Борка Талески, Интерна медицина, Прилеп, Македонија;
[2]Универзитетска Клиника за Ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања, Скопје, Македонија;
[3]Медицински факултет, Интерна медицина, Скопје, Македонија

Вовед: Параганглиом е тумор кој произлегува од хромафините клетки на симпатичните паравертебрални ганглии на градниот кош, абдоменот и карлицата. Околу 36% до 60% од параганглиомите се функционални лачат норепинефрин и норметанефрин, што предизвикува хипертензија. Нефункционалните параганглиоми можат да произведуваат хромогранин А. Параганглиомот исто така може да произлегува од парасимпатичните ганглии лоцирани по должината на глософарингеалните и вагалните нерви во вратот и во основата на черепот, само околу 5% од овие тумори лачат катехоламини. **Материјал и методи**: Пациент, жена на возраст од 51 година. Кај пациентката неколку месеци пред да консултира во амбулантата на Кл. за Ендокринологија, при направен ултразвучен преглед на абдомен видена туморска промена со големина 70 x 69 x 51 mm, локализирана пред v.cava inferior, истата потврдена со компјутеризирана томографија. Пациентката консултира во амбулантата на Кл. за Ендокринологија постоперативно со хистопатолошки наод во прилог за параганглиом. Анамнестички без симптоми како пред така и постоперативно. Негира минати заболувања. Од амбулантски направените лабораториски анализи метанефрини и WMA во 24 часовна урина во референтни вредости и покачена вредност на хромогранин А. Направен КТ на абдомен и граден кош како и ПЕТ/КТ скен со ив апликација на 18 F- FDG, на кои не е утврден локален рецидив ниту пак далечни метастази. Пациентата упатена за octreoscen. **Заклучок**: Од суштинско значење е параганглиомите да бидат препознаени, бидејќи е неопходна биохемиска и имиџинг предоперативна евалуација, што е значајно за периоперативното и посоперативното следење.

CASE REPORT IN A PATIENT WITH PARAGANGLIOMA

Katerina Cheshlaroska Markushoska[1], Tatjana Milenkovic[2], Hristina Cheshlaroska[3], Belma Bilaloglu Jovanoska[2]
[1]General Hospital Borka Taleski , Internal Medicine, Prilep Macedonia;
[2]University Clinic of Endocrinology, Diabetes and Metabolic Disorders, Skopje, Macedonia;
[3]Faculty of Medicine, Internal Medicine, Skopje, Macedonia

Introduction: Paraganglioma is a tumor derived from extra-adrenal chromaffin cells of the sympathetic paravertebral ganglia of thorax, abdomen and pelvis. About 36 % to 60 % of paragangliomas are functional secreting norepinephrine and normetanephrine, that causes hypertension. Nonfunctional paragangliomas can produce Chromogranin A. Paraganglioma also arise from parasympathetic ganglia located along the glossopharyngeal and vagal nerves in the neck and at the base of the skull, only about 5 % of these tumors secrete catecholamines. **Material and methods:** Female patient aged 51 years. Few months before she consults the ambulant of Endocrinology clinic, during an ultrasound examination of the abdomen a tumor lesion was seen with a size of 70 x 69 x 51 mm, localized in front of the vena cava inferior, confirmed with computed tomography. The patient consults the ambulant of Endocrinology clinic postoperatively with a histopathological result in addition to paraganglioma. Anamnestic without any symptoms both pre- and post-operatively. Denies past illnesses. From the outpatient laboratory analysis metanephrines and WMA in 24-hour urine in reference values and an elevated value of Chromogranin A. A computed tomography scan of the abdomen and chest as well as a PET/CT scan with iv application of 18 F-FDG were performed,

which did not reveal any local recurrence or distant metastases. The patient referred for octreoscan. **Conclusion:** It is essential that paragangliomas are recognized, because biochemical and imaging preoperative evaluation is necessary, which is significant for perioperative and postoperative follow up.

28. ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ КАЈ ПАЦИЕНТКА СО ТИП А ИНСУЛИНСКА РЕЗИСТЕНЦИЈА

Билјана Тодорова[1] , Татјана Б. Прошева[1], Александра Стевчевска [1,] Гоце Христов [2] Искра Битоска[1]
[1]ЈЗУ Кл. За Ендокринологија, дијабетес и болести на метаболизмот
[2]ЈЗУ Општа болница Струмица

Вовед: Синдромот на инсулинска резистенција од типот А е еден од наследните синдроми на резистенција на инсулин и е ретко нарушување. Пациентите не се обезни и најчесто се презентирани со тешка хиперинсулинемија, хиперандрогенизам и акантоза нигриканс. Клиничките карактеристики се потешки кај жените отколку кај мажите и тие најчесто се презентирани во пубертетот. Прогресијата на инсулинската резистенција може да води до метаболен синдром, неалкохолна стеатоза на хепар и тип 2 дијабетес мелитус. Приказ на случај : Пациентка на возраст од 14 години. Пред 2 години биле регистрирани грчеви кои биле сватени како епилептични напади поради што неврологот ординирал терапија со Табл. Кепра (levetiracetam). Четири месеци ја земала редовно терапијата, но без подобрување. Податок за појава на грчевите при гладување и активност. Лаб.анализи-Инсулин 300... 50..12;гликемија-5,4,ХбА1ц-5,23%,TSH-1,96;fT4-14,80;aTP-O-25,58,Cortisol-440,0;ACTH-20,14;Na-141;K-4,3;Ca++1,29,Vit.D-27,22. Направени генетски анализи поради присутните хипогликемии при напад (до 1 ммол/л). Присутна е патогена промена на рецепторот за инсулинскиот ген с 3601/Ц>Т,п Arg 1201 Trp), доминантна мутација која се поврзува со хиперинсулинемиска хипогликемија (тип А инсулинска резистенција). КТ на абдомен и ОГТТ-уреден наод. Мајка со епилепсија од 3 години, прима редовно фенобарбитон. Дискусија: Кај пациенти со грчеви треба да се помисли на хипогликемична епизода од било која природа. **Заклучок**: Пациенти со епизоди на тешка хиперинсулинемија треба да бидат евалуирани во правец на вродени синдроми на инсулинска резистенција. Генетско тестирање помага во поставување на рана дијагноза и соодветен третман.

CASE REPORT IN A PATIENT WITH TYPE A INSULIN RESISTANCE

Biljana Todorova[1], Tatjana B. Prosheva[1], Aleksandra Stevcevska[1,] Goce Hristov[2], Iskra Bitoska[1]
[1]University Clinic for Endocrinology, Diabetes and Metabolic Diseases
[2]General hospital Strumica

Introduction: Insulin resistance syndrome type A is one of the hereditary insulin resistance syndromes and is a rare disorder. Patients are not obese and most often present with severe hyperinsulinemia, hyperandrogenism, and acanthosis nigricans. The clinical features are more severe in women than in men and they usually present at puberty. Progression of insulin resistance can lead to metabolic syndrome, non-alcoholic fatty liver disease and type 2 diabetes mellitus. Case report: Female patient aged 14 years. 2 years ago, convulsions were registered, which were interpreted as epileptic seizures, which is why the neurologist prescribed therapy with Tabl. Kepra (levetiracetam). She took the therapy regularly for four months, but without improvement. Data on the occurrence of cramps during fasting and activity. Laboratory analyses- Insulin 300... 50..12; glycemia-5.4, HbA1c-5.23%, TSH-1.96; fT4-14.80; aTP-O-25.58, Cortisol-440 ,0;ACTH-20,14;Na-141;K-4,3;Ca++1,29,Vit.D-27,22. Genetic analyzes were performed due to the presence of hypoglycemia during the attack (up to 1 mmol/l). There is a pathogenic change in the receptor for the insulin gene c 3601/C>T,p Arg 1201 Trp), a dominant mutation associated with hyperinsulinemic hypoglycemia (type A insulin resistance). Abdominal CT and OGTT-edited finding. Mother with epilepsy since 3 years, receives regular Phenobarbitone. Discussion: A hypoglycemic episode of any nature should be considered in patients with convulsions. **Conclusion:** Patients with episodes of severe hyperinsulinemia should be evaluated for congenital insulin resistance syndromes. Genetic testing helps in early diagnosis and appropriate treatment.

29. ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ СО ЛИ ФРАУМЕНИ СИНДРОМ

Искра Битоска, Билјана Тодорова, Славица С. Стратрова, Елена Павлевска, Саша Јовановска-Мишевска, Татјана Прошева, Татјана Миленковиќ
Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања, Медицински факултет, УКИМ, Р. С. Македонија

Ли Фраумени синдром е синдром асоциран со висок ризик на различни малигнитети кои можат да се појават во секое годишно доба. Ризикот за добивање канцер е кај мажи >70% и кај жени >90%. Во најголем дел се работи за пет типа на канцер адренокортикален карцином, карцином на дојка, на ЦНС, остеосаркоми и мекоткивни саркоми. Презентираме случај на 48 годишна жена јавена на преглед заради ендокринолошка предоперативна припрема на туморска формација видена на КТ на абдомен сместена во лев хипохондриум, ретроперитонеално, парааортално и паравертебрално (85x95x100 mm). *Пациентката анамнестички, освен блага непријатност во левиот долен дел на грбот, немала никакви други проблеми, со уредна гинеколошка историја. Лабораториските вредности укажаа на високи андрогени- андростенедион* > 10 ng/ml, DHEA-S 19,42µmol/l, вкупен тестостерон 6,08 nmol/l. Останатите базални вредности на хормоните, ВМА и метанефрини во 24 часовна урина, Хромогранин-А како и брзиот дексаметазонскиот тест беа нормални.
Се направи лева адреналектомија и беше утврден адренокортикален карцином од висок степен. Еден месец по операцијата беше дијагностициран карцином на дојка и беше направена лева мастектомија. Генетичкото тестирање покажа дека се работи за Ли Фраумени синдром со генетски код c375G>TP53gen. **и пациентката беше подвргната на радио и хемотерапија.** Би заклучиле дека кога и да се работи за адренокортикален карцином, кој е редок, потребно е да се размисли за генетска анализа. **Клучни зборови:** адренален тумор, адренокортикален карцином, карцином на дојка, Ли Фраумени синдром

CASE REPORT OF A WOMAN WITH LI FRAUMENI SYNDROME

Iskra Bitoska, Biljana Todorova, Slavica S. Stratrova, Elena Pavlevska, Sasha Jovanovska - Mishevska, Tatjana B. Proseva, Tatjana Milenkovic
University Clinic of Endocrinolgy, Diabetes and Metabolic Disorders, Medical Faculty, Skopje, R.N. Macedonia

Li-Fraumeni syndrome (LFS) is a cancer predisposition syndrome associated with high risks for a diverse spectrum of childhood- and adult-onset malignancies. The lifetime risk of cancer in individuals with LFS is ≥70% for men and ≥90% for women. Five cancer types account for the majority of LFS tumors: adrenocortical carcinomas, breast cancer, central nervous system tumors, osteosarcomas, and soft-tissue sarcomas.
We report a case of a 48-year-old lady reffered to endocrinology clinic as a routine part of preoperative endocrinology assessment due to tumorous formation seen on CT scan of the abdomen, located in the retroperitoneal, paraaortal and paravertebral part of the left hypochondrium (85x95x100 mm). She had her CT scan done due to numbness in the lower left part of her back, without any other health issues. She had normal gynecological history with no menstrual disturbances. The laboratory revealed Androstenedion> 10 ng/ml, DHEA-S 19,42 µmol/l, Total testosteron 6,08 nmol/l. The other hormonal analyses were normal, including 1 mg suppressive overnight dexamethasone test. Chromogranin A, VMA and methanephrine in 24 hr. A left adrenalectomy was done. The final patohistology diagnosis was consistent with adrenocortical carcinoma - high grade. A month after the surgery, the breast cancer was discovered and radical left mastectomy was done. The genetic testing revealed Li Fraumeni Syndrome with c375G>TP53gen. And the patient is undergoing hemotherapy and radiotherapy. We conclude that whenever adrenocortical carcinoma, which is rear type of tumor, is established, it should be followed by genetic testing.

30. ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ: ТЕШКА ФОРМА НА ХИПЕРТРИГЛИЦЕРИДЕМИЈА

Арѓент Муча[1], Искра Битоска[1], Саша Јовановска-Мишевска[1], Ивана Младеновска Стојкоска[1]
[1]Универзитетска Клиника за Ендокринологија, дијабетес и метаболни нарушувања, Скопје, Р.Северна Македонија

39 годишен маж, прва контрола поради високи триглицериди. Претходно бил хоспитализиран на Клиниката за гастроентерохепатологија, бидејќи се жалел на болки во стомакот и на случаен лабораториски

наод бил забележан липемичен серум. Имал негативна историја за други болести (ДМ, хипотиреоза, холециститис) и негативна семејна историја за коронарна артериска болест. Пушач 30 цигари дневно, алкохол не консумирал. Обезен, БМИ 38 кг/м2 со дијагностициран акутен панкреатит. Абдоминална улстрасонографија: стеатотичен црн дроб, панкреасот лесно едематозен. Лабараториски наоди: гликемија-6,7 mmol/L; ALT-64, амилаза (s)-76, LDH-478, GGt-90, TG-31 mmol/l; холестерол-7,6, HDL-0,7, LDL-6. Неговата моментална терапија беше: статин 20 mg на ден, H2 блокатори. Поради многу високите вредности на TG, започнавме со интравенска флуидна терапија (5% декстроза 500 ml) со мали дози на инсулин пет дена, а потоа продолживме со фенофибрат 145 mg на ден, статин 20 mg на ден и омега-3 масни киселини. По 3 месеци вредности на TG: 7,2, LDL: 4,4, HDL: 0,9. **Дискусија:** Секој пациент со покачени ТГ треба да се евалуира за секундарна причина (ендокрини нарушувања или лекови). Пациентите со примарна хипертриглицеридемија треба да се следат за кардиоваскуларни фактори на ризик (централна дебелина, HTA, хепатална дисфункција) и за фамилијарна дислипидемија и кардиоваскуларни болести, со цел да се потврди генетската причина и кардиоваскуларниот ризик. Според наодите, третманот на пациентот треба да вклучува: исхрана, статини, фенофибрат, ниацин, омега-3 масни киселини. **Заклучок:** Терапијата со фибрати треба да биде прва линија на избор кај пациенти со ризик за панкреатитис. Трите лекови (фибрати, ниацин, n-3 масни киселини) сами, или во комбинација со статини треба да бидат опција за третман кај пациентите со умерена или тешка хипертриглицеридемија.

CASE REPORT: SEVERE FORM OF HYPERTRIGLYCERIDEMIA

Argjent Mucha[1], Iskra Bitoska[1], Sasa Jovanovska-Misevska[1], Ivana Mladenovska Stojkoska[1]
[1]University Clinic for Endocrinology, Diabetes and Metabolic Diseases, Skopje, R.of North Macedonia

Keywords: hypertriglyceridemia, fenofibrates, pancreatitis. A 39 years old male first control due to high triglycerides. Previosly was hospitalized at Clinic of Gastroenterohepatology, because he was complaining for abdominal pain and on a random labatory finding lipemic serum was spotted. He had negative history of other diseases (DM, hypothyreosis, cholecystitis) and negative family history of coronary arterial disease. He was smoking 30 cigarettes per day, and no alcohol. He was obese, BMI 38 kg/m2 and was diagnosed with acute pancreatitis. Abdominal ulstrasonography: steatotic liver, pancreas easily oedematous. Labaratory findings: glycemia-6.7 mmol/L; ALT-64, amilaza (s)-76, LDH-478, GGt-90, TG-31 mmol/l; cholesterol-7.6, HDL-0.7, LDL-6. His current therapy was: statins 20 mg per day, H2 blockers. Because of very high values od TG we started with intravenous fluid therapy (5 % dextrosis 500 ml) with small dosages of insulin five days, and after that we continued with fenofibrate 145 mg per day, statins 20 mg per day, and omega-3 fatty acids. After 3 months TG values: 7.2, LDL: 4.4, HDL: 0.9. **Discussion:** Each patient with elevated TG should be evaluated for a secondary cause (endocrine disorders or drugs). Patients with primary hypertrygliceridemia should be monitored for cardiovascular risk factors (central obesity, HTA, hepatic dysfunction), and for familial dyslipidaemia and cardiovascular disease, in order to confirm the genetic cause and cardiovascular risk. According to the findings, the patient's treatment should include: diet, statins, fenofibrate, niacin, omega-3 fatty acids. **Conclusion:** Therapy with fibrates should be the first line of choice in patients at risk for pancreatitis. The three drugs (fibrates, niacin, n-3 fatty acids) alone or in combination with statins should be an option for treatment in patients with moderate or severe hypertrygliceridemia.

31. ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ: ТЕРАПЕВТСКИ ПРИСТАП КАЈ ХИПЕРПОЛАКТИНЕМИЈА ИНДУЦИРАНА ОД РИСПЕРИДОН

Арѓент Муча[1], Цветанка Волкановска Илијевска[1], Марија Живковиќ[1], Билјана Јованоска Тодорова [1]
[1]Универзитетска Клиника за Ендокринологија, дијабетес и метаболни нарушувања, Скопје

Пациентка на возраст од 19 години со нарушени менструални циклуси предизвикани од хронична употреба на рисперидон и влошување на нејзината психолошка состојба по воведување на допамински агонист. Кај пациентката на 17 годишна возраст е дијагностицирано дисоцијативно конверзивно растројство. Поради тоа била поставена на терапија со рисперидон и ламотригин. По воведување на антипсихотичната терапија менструалните циклуси станале ирегуларни. Хормонските иследувања потврдиле високи вредности на пролактин 2226 mIU/ml (40-530), а со магнетна резонанца (МР) потврден аденом на хипофиза со димензии 4 mm. Поради тоа од страна на гинеколог била воведена терапија со допамински агонист-каберголин, 0.5 mg неделна доза. После краток период настанала дестабилизација на психолошка состојба на пациентката,

со раздразливо, агресивно расположение, по што следеле консултации со психијатри и чести промени на антипсихотичната терапија. После една година воведен е антипсихотик арипипразол заедно со валпроична киселина и лоразепам. После два месеци кај пациентката е нотирано значајно подобрување во однесувањето и расположението. Во меѓупериод намалена е дозата на каберголин на 0.25mg. Пациенткта беше упатена на нашата клиника. Контролните вредности на пролактинот беа ниски и беше прекинат каберголинот. И контролната МР на хипофиза не потврди присуство на микроаденом. **Дискусија и заклучок:** Клиничката презентација на хиперпролактинемија влијае на терапевтската стратегија. Асимптоматска хиперполактинемија не треба да биде медикаментозно лекувана. Кај долго опстојувачка хиперпролактинемија може да се појави питуитарен аденом. Третманот со допамински агонист е ризичен бидејќи може да ја влоши психијатриската состојба како во нашиот случај. Постојат два стратегиски пристапи кај хипепролактинемија индуцирана од антипсихотци: терапија со комбинирани орални контрацептиви или третман со арипипразол, антипсихотик кој има двоен ефект врз Д2 рецепторите (агонист/антагонист). Арипипразол е антипсихотик кој не предизвикува хиперпролактинемија.

CASE REPORT: THERAPEUTIC APPROACH IN RISPERIDONE INDUCED HYPERPOLACTINEMIA

Argjent Mucha[1], Cvetanka Volkanovska Ilijevska[1], Marija Zivkovic[1], Biljana Jovanoska Todorova[1]
[1]University Clinic for Endocrinology, Diabetes and Metabolic Diseases, Skopje, North Macedonia

A 19-year-old female patient with disturbed menstrual cycles caused by chronic use of risperidone and worsening of her psychological state after the introduction of a dopamine agonist. The 17-year-old patient was diagnosed with dissociative conversion disorder. Therefore, she was placed on therapy with risperidone and lamotrigine. After the introduction of the antipsychotic therapy, the menstrual cycles became irregular. Hormonal studies confirmed high prolactin values of 2226 mIU/ml (40-530), and magnetic resonance (MR) confirmed a pituitary adenoma measuring 4 mm. Therefore, the gynecologist introduced therapy with the dopamine agonist cabergoline, 0.5 mg weekly dose. After a short period, the patient's psychological state became destabilized, with an irritable, aggressive mood, which was followed by consultations with psychiatrists and frequent changes in antipsychotic therapy. After one year, the antipsychotic aripiprazole was introduced together with valproic acid and lorazepam. After two months, the patient noticed a significant improvement in behavior and mood. In the interim, the dose of cabergoline was reduced to 0.25 mg. The patient was referred to our clinic. Control prolactin values were low and cabergoline was discontinued. And the control MRI of the pituitary gland did not confirm the presence of a microadenoma. **Discussion and conclusion**: The clinical presentation of hyperprolactinemia affects the therapeutic strategy. Asymptomatic hyperpolactinemia should not be medically treated. In case of long-standing hyperprolactinemia, a pituitary adenoma may appear. Dopamine agonist treatment is risky because it may worsen the psychiatric condition as in our case. There are two strategic approaches in antipsychotic-induced hyperprolactinemia: therapy with combined oral contraceptives or treatment with aripiprazole, an antipsychotic that has a dual effect on D2 receptors (agonist/antagonist). Aripiprazole is an antipsychotic that does not cause hyperprolactinemia.

32. ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ: ТРЕТМАН НА ГЕЈВСОВА БОЛЕСТ ВО БРЕМЕНОСТ

Цветанка Волкановска Илијевска[1], Марија Живковиќ Христова[1], Маја Димитровска [1,] Саша Јовановска Мишевска
[1]Универзитетска Клиника за Ендокринологија, дијабетес и метаболни нарушувања, Скопје

Хипертироидизам кај жени во репродуктивната возраст е најчесто предизвикан од автоиумуната Грејвсова болест. Неконтролиран хипертироидизам во бременост го зголемува ризикот од компликации кај мајката и плодот. Оттука, рано откривање и лекување на хипертироидизам во бременоста е императив и терапевтски предизвик. Трансплацентарниот премин на TSH рецепторските стимулирачки антитела (TSHrAb) и антитироидните лекови (АТЛ) може да има штетен ефект врз развојот на фетусот. Дополнително, одржување на доволно ниво на тироидни хормони кај мајката за време на третманот со АТЛ е од суштинско значење, бидејќи тироидните хормони се клучни фактори за нормален развој на фетусот, особено за феталниот мозок. Понатаму, неопхопдно е внимателно дозирање на АТЛ за да се избегне и хипер- или хипотироидизам кај плодот и тератогениот потенцијал на АТЛ од 6 до 10 гестациска недела (гн). Прикажуваме бремена пациентка во 6 гн со неконтролирана хипертироидиза. Вредностите на тироксин и тријодотиронинот беа четири пати над

референтните вредности, а TSH беше значително супримиран. Освен тоа вредностите на TSHrAb беа 10 пати над референтна граница, а волуменот на тироидната жлезда беше50ml. Кај пациентката беше започната терапија со највисоко дозволени дози на АТЛ во бременост. Во 25 гн вредностите на TSHrAb значително се намалија. Внимателно намалување на АТЛ до минимална доза на оддржување беше постигнато во периодот од 26 до 34 гн. Исходот и текот на бременоста беше поволен. Терапевсткиот ефект и потенцијалниот ризик од АТЛ се во деликатна рамнотежа, па оттука за оптимален развој на плодот и неговата тироидна функција, третманот на хипертироидизам во бременост бара тимски пристап од гинеколог и ендокринолог.

CASE REPORT: MANAGEMENT OF GRAVES' DISEASE DURING PREGNANCY

Cvetanka Volkanovska Ilijevska[1], Marija Zivkovic Hristova[1], Maja Dimitrovska 1, Sasha Jovanovska Mishevska
[1]University Clinic for Endocrinology, Diabetes and Metabolic Diseases, University Ss. Cyril and Methodius. Skopje, Skopje, North Macedonia

Hyperthyroidism in reproductive women is predominantly caused by autoimmune Graves' disease. Uncontrolled hyperthyroidism raises the risk of maternal and fetal complications. Hence early detection and treatment of hyperthyroidism in a pregnancy is imperative. Management of Graves' hyperthyroidism in pregnancy remains a challenge for physicians. The transplacental passage of maternal thyroid stimulating antibodies (TSHrAb) and antithyroid drugs (ATD) could have detrimental effect on fetal development. Additionally, maintaining sufficient thyroid hormone levels in maternal circulation during the treatment with ATD is essential, as thyroid hormones are crucial factors for normal development of the fetus, particularly the fetal brain. Additionally, ATD must be carefully titrated in order to avoid fetal hyper- or hypothyroidism. One more concern of use of ATD in pregnancy is the potential risk for severe birth malformations when fetus is exposed to ATDs in 6 to 10th gestational week (gw) of pregnancy. We present a pregnant woman at 6th gw with uncontrolled hyperthyroidism. Thyroxine and triiodothyronine values were four times above reference values, TSH was significantly suppressed and TSHrAb were 10 fold increased. Ultrasound measurement of thyroid volume was >50ml. The patient was treated with maximum recommended doses. At 25 gw the TSHrAb significantly decreased and a careful reduction of ATD to a minimum maintenance dose was achieved during the period 26 to 34 gw. The outcome and course of the pregnancy was uneventful. Due to delicate balance of benefit and potential risk of use of ATD, for optimal fetal development and fetal thyroid function management of hyperthyroidism in pregnancy requires teamwork between a gynecologist and an endocrinologist.

33. РЕДОК СЛУЧАЈ НА КОНГЕНИТАЛНА АДРЕНАЛНА ХИПЕРПЛАЗИЈА АСОЦИРАНА СО ХИПЕРКОТИЗОЛЕМИЈА

Искра Битоска[1], Марија Илијовска, Билјана Тодорова[1], Татјана Б. Прошева[1], Арѓент Муча[1], Гоце Христов, Тошо Плашески[1]
[1]Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања, Медицински факултет, УКИМ, Р. С. Македонија
[2] ЗУ Општа болница Струмица
[3]ПЗУ "New 20's"

Конгенитална адренална хиперплазија (КАХ) е група на автозомно рецесивни заболувања кои настануваат како резултат на пореметена синтеза во стероидогенезата, најчесто заради дефицит на ензимот 21 хидроксилаза. КАХ е асоцирана со дефицит или намалена синтеза на кортизол, зголемено ниво на АЦТХ и зголемена продукција на адренални андрогени и прогестерон, особено 17 ОН прогестерон. Презентираме редок случај на КАХ со хипекортизолемија. На преглед жена на 40 годишна возраст упатена заради инфертилитет , ологоменореа, акни и хирзутизам. Дијагностицирана како ПЦОС и третирана со хормонална терапија и спиронолактон. Лабораторијата покажа зголемено ниво на кортизол, адренални андрогени и тестостерон, како и 17 ОХ Прогестерон. Во неколку наврати кортизолот беше покачен, заради што беше направен и брз дексаметазонски тест кој покажа парцијална супресија. Беше направена и генетска анализа која покажа мутација во CYP21A2(I172N) во хомозиготна форма. КТ на надбубрежните жлезди, МНР на хипофиза како и 24 часовна кортизолурија покажаа нормален резултат. Бидејќи во основа се работи за ензимски дефицит во синтеза на кортизолот, ретко хиперкортизолемија се поврзува со КАХ. Нашиот случај, сепак, укажува дека треба да се помисли на КАХ кај хиперандрогенемични жени дури и кога нивото на кортизолот е покачено.
Клучни зборови: КАХ, хиперандрогенизам, ПЦОС, хиперкортизолемија

RARE CASE OF NON-CLASSIC CONGENITAL ADRENAL HYPERPLASIA ASSOCIATED WITH HYPERCORTISOLISM

Iskra Bitoska[1], Marija Ilijovska[1], Biljana Todorova[1], Tatjana B. Prosheva[1], Argjent Muca[1], Goce Hristov, Toso Plaseski[1]
[1]University Clinic of Endocrinolgy, Diabetes and Metabolic Disorders, Medical Faculty, Skopje, R.N.Macedonia
[2] Public Hospital Strumica
[3] Private hospital "New 20's"

Introduction: Congenital adrenal hyperplasia (CAH) describes a group of autosomal recessive disorders characterized by enzyme deficiency in the steroidogenic pathways most commonly due to 21 hydroxylase deficiency.CAH is generally associated with decreased or absent production of cortisol, increased ACTH secretion and excessive production of adrenal androgens and progesterone, including 17OH progesterone. We report a rare case of CAH associated with hypercortisolism. **Case report:**A 40 years old woman was referred to the Endocrinology unit for management of infertility presented with oligomenorrhea,acne and hirsutism. She had previously been labelled as a case of PCOSy and had been placed on various types of medications such as hormonal therapy and spironolactone.The first laboratory findings showed elevated levels of cortisol, adrenal androgens and testosterone. 17OH progesterone was also increased. After the diagnosis of CAH multiple laboratory tests were made and the plasma cortisol appeared to be repeatedly elevated. Dexamethasone test showed partial supression. 24hour urine cortisol test, abdominal CT and MRI of the pituitary glandwere also performedand showed no pathological findings. The diagnosis of CAH due to 21 hydroxylase deficiency was confirmed with genetic studies that showed mutation in CYP21A2(I172N). The genotype was homozygous. **Conclusion:**As the pathophysiology is basically a defect in the biosynthesis of cortisol, one may not consider CAH in patients with hypercortisolism. Althought this is an extremely rare case, more attention should be paid to this condition in hyperandrogenic womeneven if cortisol levels are elevated. **Key words:** CAH, hyperandrogenism, PCOSy, hypercortisolemia

35. СИЛНА ГРАДНА БОЛКА ИСПРОВОЦИРАНА ОД ДИЈАБЕТИЧНА КЕТОАЦИДОЗА КАЈ ПАЦИЕНТ СО ТИП 2 ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС

Надица Божиновска-Димова[1], Димитар Душкоски[1], Златана Петковска[1]
[1]ПЗУ Клиничка Болница „Ацибадем Систина", Скопје, С. Македонија

Пациент на 72 годишна возраст со тип 2 дијабетс меллитус на терапија со метформин (2гр) и емпаглиофлозин (25мг), со историја на кардиоваскуларни болести (два прележани миокардни инфаркти, поставен пејсмејкер) хоспитализиран со силна градна болка под сомнение за акутен миокарден инфаркт. На прием нотирани лесно покачени гликемиски вредности (11.8mmo/L), со присутна кетонурија (+++) и гликозурија (++++), како и присутна манифестна инфекција – леукоцити 12.78 10^9/L, Моноцити 1.97 10^9/L. Преостанат наод на метаболни и кардиолошки параметри комплетно уреден. Се доби податок дека еден ден пред да му се слоши, пациентот бил на ручек и јадел непроверено месо, а веќе неколку часа подоцна започнал да не се чувствува добро и започнал профузно да се поти, но не се чувствувал добро и само лежел, не внесувал течности и храна, продолжил да ја зема неговата редовна терапија. Во првите 24 часови пациентот интубиран (присутно Кусмаулово дишење, pH 6.8, покачени лактати, кислородна сатурација 60%) и интензивно хидриран, поставен на инсулинска пумпа на мали единици за одржување на гликемија на прием, започната двојна антибиотска терапија (позитивен наод за Klebsiella pneumoniae-кожа, Staphylococcus aureus-нос и трахеален аспират) и кардиолошка поддршка. Во текот на хоспитализацијата мониториран од кардиолог, гликемиските вредности стабилизирани. При пад на калиумот, истиот беше стабилизиран со калиум штедачки кардиолошшки лекови, во координација со кардиолог. **Дискусија:** Дијабетична кетоацидоза кај тип 2 дијабете мелитус е поретка појава споредбено со тип 1, но дали бројот на овие настани се зголемува со примената на новите лекови? Или дали не-едуцираноста кај пациентите при вакви ситуации придонесува за влошување на состојбата и појава на дијабетична кетоацидоза?

SEVERE CHEST PAIN PROVOKED BY DIABETIC KETOACIDOSIS IN PATIENT WITH TYPE 2 DIABETES MELLITUS

Nadica Bozhinovska-Dimova[1], Dimitar Dushkoski[1], Zlatana Petkovska[1]
[1]Private Clinical Hospital "Acibadem Sistina", Skopje, N. Macedonia

